**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 септември 2003 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 10,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Никола Поповски, претседател на Собранието на Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Ја отворам Триесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Лилјана Поповска, Благој Голомеов, Благородна Мингова, Неждет Мустафа, Јани Макрадули, Џезаир Шаќири, Гзим Острени, Телат Џафери, Теута Арифи, Али Ахмети, Ејуп Рустеми, Силвана Бонева, Аднан Ќахил, Сашко Кедев, Љубе Бошковски, Љубчо Георгиевски, Петар Наумовски и Агрон Буџаку, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

На седницата присуствуваат 70 пратеници и Собранието може да работи и да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и члeновите на Владата на Репбулика Македонија, заменикот на претседателот на ДИК.

Записниците од 23 и 27 седница на Собранието, Ви се доставени. Дали некој има забелешки на записниците. (Нема)

Констатирам дека записниците од 23 и 27 седница на Собранието на РМ, се усвоени без забелешки.

Владата на Република македонија предлага на оваа седница по итна постапка да се донесе изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Предлогот Ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи основната и неодложна потреба, изменувањето и дополнувањето на Буџетот на РМ за 2003 година, да се донесе по итна постапка.

Има збор г-динот Петар Гошев, министер за финансии.

Можете да дадете образложение за другите два закони што се врзани за Буџетот, за нивната итност, а после ќе гласаме поединежно.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Бидејќи се нужни измени на Буџетот, измени и дополнувања, бидејќи тие се подготвени и исто така се дел од оценката и на Мисијата на ММФ, значи причини за ревидирање на буџетот постојат, за да може усогласено да се остварува за до крајот на годината, тие се подготвени и дадени се до Собранието и бидејќи имаме постојат Буџет кој се реализира. Меѓутоа, ако продолжи реализирањето на постојниот буџет и ако се оддолжи усвојувањето на овој ревидиран буџет, ќе имаме проблеми во остварувањето на ова што мора да се остварува до крајот на годината и ќе имаме проблеми околу исплатите на обврските што стојат, од страна на буџетот, кај буџетските корисници. Затоа ни е потребно, апсолутно што е можно пократко време за да се усвојат овие измени, да можеме законски да ги вршиме исплатите преку Буџетот на РМ. Значи тоа не е само желба дека сакаме побрзо да завршиме некоја работа што сме ја замислиле, што сме ја договориле, што сакаме да ја оствариме, туку, едноставно заради реализацијата која мора да биде стриктно во согласност со она што сега ќе биде буџет, вака ако што е предложен. Во спротивност ќе имаме проблеми со Законот за извршување на Буџетот, со остварувањето на овие ревидирани ставки во Буџетот, затоа што времето до крајот на годината, навистина е кратко. Затоа, би молел, пратениците тоа да го имаат во вид пратениците и од позицијата и од опозицијата, бидејќи се работи за осетлива материја која треба да се остварува многу ефикасно и точно онака како што треба да се оствари до крајот на годината.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го слушнавме образложението на министерот за финансии.

Предлогот на Владата за изменувањето и дополнувањето на Буџетот, да се донесе, по итна постапка го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, 53 за, 1 воздржан и 15 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага на оваа сседница по итна постапка да се донесе Законот за дополнување на Законот за извршување на Буџетот за 2003 година.

Предлогот Ви е доставен.

Образложението го слушнавте, или, министре ќе дадете повторно образложение.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Истото образложение е .

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Добро.

Предлогот на Владата, Законот да се донесе по итна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 46 гласале за, 3 воздржани и 15 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

Владата на РМ предлага по итна постапка да се донесе и Законот за ограничување на изворните приходи за јавните потреби, за 2003 година.

Предлогот Ви е доставен.

Претставникот на Владата го даде образложението.

Предлогот на Владата овој закон да се донесе под итна постапка, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 45 пратеници, 5 воздржани и 18 против.

Констатирам дека предлогот на Владата е усвоен.

20 пратеници доставија Информација за безбедносната состојба, со барање Собранието да ја разгледа по итна постапка.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи итноста на информацијата.

Повелете Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Сите вие знаете дека во подолг наврат Пратеничката група бараше и од Владата, а и ние како Пратеничка група иницираме една инфорамција за да се разгледа актуелната политичко - безбедносна состојба. За информација на пратениците, добивме и од Владата, а во меѓувреме и ние изготвивме една таква информација.

Сметам дека апсолутно е време и место да се разговара во Парламентот за безбедносната состојба, со оглед на тоа што ова Собрание, откако е формирано, после новите избори, воопшто нема разгледувано една ваква информација. Сметам, со оглед на тоа што секојдневно на полето на безбедноста се случуваат разни работи, а бидејќи сме избрани како братеници од народот, тие информации не е во ред да ги слушаме само средствата за јавно информирање, затоа сметаме дека и време е и место е тука, конечно Собранието преку свои заклучоци да има и своја улога во рамките на една ваква актуелно политичко безбедносна  состојба, со што, на крајот на краиштата и од Информацијата, а можеби и од претставниците на Владата ќе добиеме некои порелевантни факти. Заради тоа предлагам, колегите пратеници, да имаат чувство и разбирање и да дадат поддршка, оваа точка да влезе во дневниот ред.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го слушнавте образложението.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, 57 пратеници, гласале за, 9 воздржани и 2 против.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања предлага дневниот ред на оваа седница а се дополни со верификација на мандат на пратеник на Собранието на РМ.

Предлогот за верификација Ви е поделен.

Го молам претседателот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања да ја образложи итноста од потребата, предлогот за верификација да биде разгледан на оваа сседница.

Има збор г-дино Борис Кондарко.

БОРИС КОНДАРКО:

Собранието на минатата седница констатираше престанок на мандатот на пратеникот Ѓорѓи Спасов поради заминување за извршување на друга функција.

Согласно Деловникот на Собранието, Собранието е должно на првата наредна седница да го верифицира наредниот пратеник од листата, за остатокот на мандатот. Во тоа се состои итноста и недоложна потреба, на пратеникот Зоран Заев да го верифицираме мандатот на оваа седница.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Предлогот на Комисијата, предлогот на верификација да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 72 пратеника, 70 пратеници гласале за и 2 воздржани.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневне ред:

1. Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија;

2. Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година;

3. Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување на Буџетот за 2003 година на Република Македонија;

4. Предлог на закон за изменување на Законот за ограничување на изворните приходи на Јавните потреби за 2003 година;

5. Информација за безбедносната состојба во Република Македонија.

Дали има предлог за изменување на предложениот дневен ред? Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, 63 за, и 1 против.

Констатирам дека е усвоен предложенот дневен ред.

Минуваме на првата точка од дневнот ред - **Верификација на мандат на пратеник во Собранието на Република Македонија**

Извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања Ви е поделен.

Отворам претрес по извештајот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања.

Дали некој бара збор?

БОРИС КОНДАРКО:

Почитуван претседателе, Почитувани колеги,

Врз основа на Извештајот на Државната изборна комисија, денес Комисиајта за деловнички и мандатно имунитетни прашања одржа седница на која го разгледа доставениот извештај и врз основа на спроведената постапка, претходно од ДИК,

констатираше дека се исполнети условите односно дека нема процедурални пречки да се верификува мандатот на г-динот Зоран Заев од СДСМ.

Врз основа на својот извештај Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања кој го достави до пратениците заедно со извештајот на ДИК, на Собранието му предлага да го прифати ваквиот извештај.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Го ставам на гласање Извештајот и предлогот на Комисијата за Деловнички и мандатно имунитетни прашања за верификација на пратеникот Зоран Заев.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници и сите гласале за.

Констатирам дека извештајот и предлогот на Комисијата за деловнички и мандатно имунитетни прашања се усвоени и дека со тоа е извршена верификација на мандатот на пратеникот Зоран Заев.

На господинот Заев му честитам за мандатот и му посакувам успех во работата.

Објавувам пауза од две-три муниту за да се ресертира системот, да може господинот Заев да гласа.

По паузата.

Продолжуваме со работа.

Минуваме на втората точка од дневниот ред **- Предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.**

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Петар Гошев, министер за финансии.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

На дневен ред имаме Предлог измени на Буџетот на РМ, за 2003 година, со пропратните закони кои што вообичаено го следат.

Владата на РМ, следејќи го остварувањето на макро-економската политика, како и реализацијата на приходите и расходите, цени дека е потребно извесно ревидирање на буџетската потрошувачка до крајот на годината.

Поставените цели на фискалната политика за 2003 година и натаму остануваат непроменети односно во насока на постигнување и одржување на макроекономската стабилност и враќање на јавната потрошувачка на ниво што ќе обезбеди одржување на надворешниот долг, не повеќе од 40% од бруто домашниот производ, за што има дебели причини.

Буџетот на Република Македонија за 2003 година беше донесен до кон крајот на март 2003 година, квантитативно и динамички усогласен со националните сметки, во рамките на вкупната макро-економска политика за 2003 година, и како што знаете беше проектирано, реалниот бруто домашен производ да се покачи за 3%, порастот на инфлацијата, мерен преку трошоците на живот да не биде поголемо од 3% и реалниот пораст на бруто платите по вработен, околу 2%.

Основните цели на фискалната политика за 2003 година беа планирани да се реализираат, само потсетувам, преку намалување на јавната потрошувачка, или на јавните расходи на државата, под 41,5%, од бруто домашниот произовд, во 2002 година колку што изнесуваше, на 35,7% од бруто домашниот производ во 2003 година, значи за близу 6 процентни поени помала јавна потрошувачка или помали јавни расходи, или за 6% поени растоварување, намалување на давачките на фирмите и на населението, во државната каса.

Намалувањето на буџетските приходи од околу 35,9%, 35/9% во 2002 одина на 33,7% во 2003 година, како учество во бруто домашниот производ, пред се преку престанување на важноста на данокот на финансиски трансакции и намалувањето на тековни трошоци кој што ги прави државата. Намалување на буџетскиот дефицир, од 5,4%, колку што беше во 2002 година, на 1,6% во 2003 година.

Во пвата половина од годинава реализирани се приходи од 26,61 милијарда денари, што е за 0,73 милијарди денари повеќе во однос на планираните. Додека пак вкупните расходи, значи повторувам реализирани се повеќе приходи од планираните за 0,73%, а на страната на расходите реализирани се 26,31 милијарда денари помалку од планираните за 2,71 милијарда денари.

Во рамка на структурата на даночните приходи, најголемо отстапување е реализирано кај приходите од данок на добивка, кои се реализирани во поголем износ, како резултат на подобрување на финансиските резултати на економските

субјекти. Приходите од акцизи се реализираа на пониско ниво во однос на планот, заради пониските приходи на акцизи од нафтените деривати и акцизи на патничките автомобили во очекување на претстојното укинување на акцизите на патничките автомобили која треба да настапи на 1.01.2004 година, што психолошки влијаеше  на намалувањето на продажбата, или куповките на патничките автомобили.

Приходи од увосни давачки се оствариja на повисоко ниво, како резултат на зајаканатата контрола и зголемениот увос. Значи и заради едфната и заради другата компонента. Повисоката реализација на неданочните приходи во однос на буџетираните, е резултат на зголемената наплата на девидентата од Телеком која во првата половина од годината беше наплатена во износ од 470 милиони денари, наспроти планираните 0,2 милијарди денари, 200 милиони. Или кога го склучивме аранжманот и кога го усвоивме Буџетот, во тој момент понудата од страна на Телеком беше 200 милиони денари девиденда, да се подели, после преговорите, разговорите, расправиите и тн. добивме девиденда од 1 милијарда и 140 милиони денари, зголемена контрола при одобрувањето на новите вработувања и при исплатата на надоместоците  за прекувремена, празнична и ноќна работа, за стоки и услуги во првите 6 месеци беа потрошени 0,33 милијарди денари помалку, споредено со планираните, пред се, заради доведувањето на построги процедури и критериуми за изготвување и донесување на програмите за реализација на овие средства и за спроведувњето на јавните набавки. Сите процедури беа поострени и тоа резултираше со намалени трошоци по тој основ.

Тековните трансфери се реализирани за 0,92 милијарди помалку во однос на динамичниот план за првите шест месеци. Во овие рамки во услови на подоцнежно донесување на Буџетот за 2003 година и зајакнатите контроли и процедури за зголемување на транспарентноста, позабележителни отстапувања од планираното е реализирано кај трансферите за детски додатоци, 96 милиони денари, структурни реформи за 213 милиониденари, внатрешно раселени лиц 117 милиони денари и програмата за поттикнување на вработувањето 200 милиони денари.

Најголемо отстапување од планот е остварено кај капиталните расходи, кои во првата половина од годината се реализирани во износ од 1 милијарда и 37 милиони денари, односно 1,01 милијарда помалку во однос на планираните. Остварената пониска потрошувачка во односна планираната се должи на подоцнежното стапување во сила на Буџетот во 2003 година на 1 април и воведување на нови процедури сврзани со зголемување на контролата и транспарентноста на овие

инвестиции, оценки, проценки на проектите, контрола за регуларноста од аспект на законот и слично на тоа.

Повисоката наплата на приходите и пониската реалилзација на расходите во првата половина од годината, доведе до реализација на буџетски суфицит од 0,31 милијарда денари, што претставува отстапување од 3,49 милијарди денари, или 1,5% од бруто домашниот производ во однос на планираното.

Ваквото отстапување од планираниот дефицит во првото полугодие од годината, во услови на контролирана буџетска потрошувачка, позитивно се одрази на одржувањето на вкупната макроекономска стабилност, како и на започнатиот процес што ги слушаме од некои луѓе.

Меѓутоа, реално е да се очекува дека реализираното отстапување на планираното ниво на буџетски дефицит и неговото целосно надоместување во втората половина на годината би предизвикало висока фискална експанција во девизниот пазар и зголемување на притисокот врз девизниот курс.

Во вавко случај, корективните мерки за стерилизирање на експанзивната фискална полилтика, кои што нужно би уследиле, ако тоа дозволиме да се случи, би довело до намалување на девизните резерви и повторно притисок за зголемување на каматните стапки, а тоа не сакаме да го дозволиме. Ова особено, ако се има предвид дека до доцнењето на Буџетот на Република Македонија за 2003 година, беа регистрирани промени, кои значат зголемување на расходите и потреба за нивно инкорпорирање во Буџетот до крајот на годината, зголемување на пензиите и надоместоците за невработеност ;по основ на нивнот усогласување со порастот на платите и обезбеддување на средства за нормално функционирање на Фондот за здравствено осигурување.

Почиувани пратеници, сублимирано кажано, измените на Буџетот ги предлагаме поради малата корекција, односно намалување на буџетскиот дефицит и ревидирање на неговата динамикад до крајот на годината, со цел да се одржи макроекономската стабилност во ова и во наредната година, поради буџетирање на дополнително регистрирани расходи за социјални трансфери, преку реалоцирање на реализираните заштеди на други позиции, значи веќе буџетирани и преку намалување на расходите со понизок степен на приоритет и заради обезбедување редовно и навремено финансирање на функциите на државата, односно исплата на законските и договорените обврски и реализирање на веќе утврденото ниво на капитални расходи. Тоа се сублимирано кажно причините зошто пристапивме кон измена на Буџетот и го предлагаме денска тоа.

Во Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година, вкупните приходи се планирани во износ од 55,79 милијарди денари и тоа е повеќе само з 0,56 милијарди денари во однос на планираните, со буџетот што го усвоивме на крајот на март.

Основна причина за зголемување на вкупните приходи е, можете да видите од Предлогот, зголемувањето на неданочните приходи за 1,45 милијарди денари, во чии рамки најзначајно е вклчувањето на новоутврдениот износ, како што спомнав на приходи од дивидендата од Телеком 1 милијарда и 140 милиони денари. Вкупните даночни приходи се намалени за 0,89 милијарда денари во чија структура, приходите од данокот на додадена вредност се планирани на значително понисли ниво од веќе буџетираното за 0,79 милијарди денари, со цел поинтензиовно рефундирање н ДДВ на даночните обврзници. Значи следи интензивно рефундирање на ДДВ на даночните обврзници и тука моравме да направиме некое усогласување.

Во Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година, вкупните расходи се утврдени во износ од 59,20 милијарди денари, или за околу 0,1 милијарда помалку во однос на Буџетот на Република Македонија за 2003 година. Значи  имаме плус 0,56 милијарди на страната на  приходите и минус 0,1 милијарда на страната на расходите, другите се внатрешните преструктуирања во буџетот. Во структурата на вкупните расходи, дел од одредените расходи се зголемува за сметка на други и то: неизбежно зголемување на расходите до крајот на годината во износ од 1,7 милијарди денари е проектирано кај следните расходи: трансфери до Фондот за ПИО, зголемени за 400 милиони денари за да се обезбеди редовната исплата на пензиите, трансферот во Заводот за вработување од 0,23 милијарди денари, 230 милиони денари заради редовна исплата на надоместоци за невработените, со цел да се обезбеди редовно и навремено финансирање на здравствените услуги, планиран е трансфер во Фондот за здравствено осигурување во износ од 0,5 милијарди денари, односно 500 милиони денари. Расходите за рефундирање на ДДВ за роекти финансирани со странски донации се зголемени за 170 милиони денари. Дел од расходите за стоки и услуги се зголемени за 0,15 милијарди денари, со цел обезбедување на средства за компензирање не за нови трошоци, туку за комплетирање на обврски од минатите години, за набавка на стоки за исплата на регрес за годишен одмор и извршени градежни работи со неданочни побарувања. Затоа на оваа стапка имаме книговодствено покачување заради стари поправки.

Финансирасњето на дополнително утврдените расходи е обезбедено преку намалување на претходно буџетираните расходи меѓу кои најважни се масата за исплата на плати, која што се намалува за 210 милиони денари, трансферот во Фондот за земјоделско, пресметковно, само не реално за 0,13 милијарди денари, бидејќи истиот е извршен во првата половина од годината со директени трансфери од приходната страна на Буџетот. Значи овдека реално не намалуваме ништо, туку кноговодствено усогласуваме, а локацијата за програмата за вработување е намалена за 0,43 милијарди денари, согласно динамиката на реализацијата на вработувањето врз основа на која се оценува дека најголем дел од трансферите ќе бидат извршени во 2004 година, наместо во 2003 година. Расходите за каматни плаќања се намалени за 160 милиони денари. Други трансфери се намалени за 300 милиони денари и други помали намалувања се извршени со расходите за исплата на детски додаток за покривање на трошоците за внатрешни раселени лица, капитални расходи и слично.

Врз основа на ревидираната проекција на приходите и расходите со предложените измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија во 2003 година планиран е  дефицит во износ од 3,4 милијарди денари или 0,7 милијарди денари помалку во однос на она што го договоривме со усвојувањето на Буџетот на крајот на март. Значи, наместо 1,6, 1,4, врз основа на околностите што настанаа во текот на реализацијата. Планираното намалување на дефицитот на централниот буџет до крајот на годината произлегува од потребата за одржување на макроекономската стабилност и економскиот раст кои би се нарушиле доколку во последните месеци концентрираме голема маса на реализација на буџетот. Значи мора тоа  да оди порамномерно. Финансирањето на планираниот буџетски дефицит на начин кој беше предвиден со Буџетот на Република Македонија за 2003 година ќе обезбеди одржување на макроекономската стабилност и стабилноста на девизниот курс и тоа е дефинитивно јасно.

Владата на Република Македонија и понатаму ќе превзема активности за исполнување на условите за добивање на ветената странска буџетска поддршка, која што во најголем дел е веќе реализирана заради склучување на аранжманот со ММФ. Реализирани се 4,4 милијарди денари  од САД, ЕУ, Светската банка, заедно со непланираниот прилив во износ од 1 милијарда денари во однос на наплатените побарувања од страна на сукцесијата на поранешната СФРЈ. До крајот на годината реално очекуваме прилив од донации од Кралството Холандија од околу 1

милијарда денари и последната транша од Европската комисија околу 1,6 милијарда денари.

Овие приливи, заедно со приливите од интензивираната продажба на државниот општествен капитал преку Агенцијата за приватизација, цел си поставивме до крајот на годината тоа да биде завршено, како и отпочнувањето на издавањето на државни хартии од вредност, за да се овозможи целосно навремено и неинфлаторно финансирање на јавните расходи до крајот на оваа година и во наредната година.

Значи, склучувањето на аранжманот со ММФ ги обезбеди овие дополнителни извори за финансирање во Република Македонија и извршувањето на макроекономската  политика, согласно договорениот аранжман со ММФ и извршените обврски во договорите што ги имаме со Светската банка резултираа со неодамна склучениот аранжман со Светската банка за ново тригодишно финансирање во Република Македонија во износ од 165 милиони долари, информација која што ви беше достапна.

Сега се поставува прашањето, бидјеќи има многу дискусии, има оценки, има многу критики, дали се случуваат катастрофални движења во економијата на Република Македонија, го слушаме од повеќе субјекти, дали е случува колапс, кога сето ова се случува што го изложува, дали се случува нешто спротивно од тоа.

Почитувни пратеници, не се случуваат катастрофални движења во економијата, не се случува колапс во економијата, се случуваат други спротивни тенденции на тоа, без оглед колку сме ние стрпливи, колку тоа може во дадениот момент, за 11 месеци од ангажманот на оваа власт да се почуствува. Затоа се резбира има факти, на памет без аргументи не сакаме да тврдиме ништо. Само со арументи. Што покажуваат тие во контекст на извршувањето на макроекономската политика и случувањата во економијата наспроти сите незадоволства и наспроти сите проблеми што реално ги имаат, се разбира граѓаните, невработените, социјалните случаи во Република Македонија.

Почитувани пратеници, во 2002 година бруто домашниот производ забележа минимален пораст од 0,7%. Во 2001 знаете дека беше минус 4,5% она што беше очекувано и планирано во 2002 година од 3%. Се случи само 0,7%. Во првата половина од 2003 година остварено е зголемување на бруто домашниот производ од 2,7%. Во првиот квартал 2,2, во вториот 3,1, вкупно 2,7, што е блиску до планираната проекција од 3%. Со тоа станува реално остварувањето на проектираниот пораст на

бруто домашниот производ од 3% до крајот на годината. И оваа тенденција ако се задржи, до крајот ќе имаме остварување од 3%.

Индустриското производство во 2002 година забележа пад од 3% и тоа е објавено. Производството опаѓаше во седум последователни кваратали. Опаѓаше во цела 2001 година, се разбира имаше случувања, настани кои што не одат на конто на економската политика, туку на политиката, на политичката ситуација во земјата или во регионот. И опаѓање во првите три квартала од 2002 година.

Во првите седум месеци од 2003 година индустриското производство бележи пораст од 5,2% во однос на истиот период од минатата година. Ние планиравме годината да се заврши со 4% раст на индустриското производство. Извосот во 2002 година забележа пад од 3,7%, регистрирано, верифицирано. При истовремено зголемување на увозот за 16,3%, што услови на остварување на рекорден износ на трговскиот дефицит во 2002 година од 849 милиони УСА долари.

Во првите седум месеци од 2003 година извозот на стоки забележа зголемување од 24,6%, наспроти пдот од 3,7% за 2002 година и пораст на увозот од 19,7% главно, овие 19 се високи, поради увозот на нафта во почетокот, се сеќавате заради што пред ирачката криза имате еднократни набавки што се извршиле како цели контингенти за цела година. Очекуваме разликата меѓу порастот на извозот и порастот на увозот да се зголеми за да резултира кончно со намалување или запирање на растот на трговскиот дефицит.

Политиката на ниска и стабилна инфлација продолжи и во 2003 година. Во 2002 година просечната стапка на инфлација изнесуваше 1,8% во првите 8 месеци од 2003 година инфлацијата изнесува мерена преку трошоците за живот 0,8%. Значи инфлацијата не скокна, ниту заради ДДВ ниту заради ништо, напротив е уште помала од планираната. И се разбира, тука има дискусии од разни експерти. На Македонија и треба повисока инфлација и така натаму. Тие оценки треба да следат врз основа на дебели анализи за структурата на македонското производство и во опасностите од поттикнување на повисока инфлација, затоа што не е исто во некоја земја со друг дефицит платен, со друга увозна зависност на производството на репродукцијата, со друг степен на задолженост кредитна да се поттикнува инфлација и кај нас со ваков дефицит во платниот биланс, со таква зависност на економијата од увоз на репроматеријали, со тој степен на кредитна задолженост да се бара истото решение. Значи има голема разлика и тука треба да се биде претпазлив а во тој износ треба да одржуваме и ќе одржуваме ценовна стабилност.

Во 2002 година се водеше недисциплинирана фискална политика која резултираше со дефицит во централниот буџет од 5,4% од бруто домашниот производ и таков дефицит почитувани пријатели, драги пратеници не ни финансира никој од надвор, односно не сака да ни финансира. Затоа што платежната способност, солвентноста на државата се загрозува.

Во 2003 година извршено е консолидирање на фискалниот сектор при што дисциплинираната фискална политика резултираше со релативно урамнотежување на буџетските приходи и расходи и стигнавме до овој планиран дефицит од 1,6 или 1,4%.

Во 2002 година каматните стапки се одржуваа на високо ниво. На крајот на 2002 година каматните стапки на благајничките записи и на пазарот на пари изнесуваат 15%. Истовремено активните каматни стапки на банките изнесуваа 18 до 19%.

Во 2002 година дојде до значајно намалување на каматните стапки. Во август 2003 година каматната стапка на благајнички записи изнесува 7% наспроти 14-15%, а каматната стапка на пазарот на пари денеска е веќе 8% наспроти 12-12,5%.

Уште позначајно активните каматни стапки на банките се сведоа на 15,5% во јули просечно со тенденција на натамошно намалување, каматните стапки на кредитите одобрени на првокласни клиенти се намалија од 18-19% во 2002 година на 10-12% во 2003 година.

Бруто девизните резерви во 2002 година забележаа пад од 40 милиони УСА долари и на 31.12.2002 година изнесуваа 735 милиони УСА долари.

Во првите седум месеци од 2003 година бруто девизните резерви се зголемени за 94 милиони УСА долари при што на 31.07.2003 година изнесуваат 829 милиони УСА долари.

Девизните депозити на населението во 2002 година забележаа пад од околу 84 милиони УСА долари. Во првите седум месеци 2003 година овие депозити се зголемени за 70 милиони УСА долари при што достигнаа износ од 482 милиони УСА долари.

Денарските депозити во недржавниот сектор во банките во 2002 година се зголемија за 8,4%. Порастот на овие депоцити во првите седум месеци од 2003 година изнесуваат 15,5%.

Денарските кредити на недржавниот сектор во 2002 година се зголемија за 6,4%, а девизните за 8,3%. Во првите седум месеци од 2003 година денарските кредити се зголемени за 5,8%, девизните за 7,3%.

Овие податоци се надевам дека се доволно воочливи за да ја воочат тензијата во економијата во овој момент од доаѓањето на Владата.

Другите што мислат поинаку можат да мислат и понатаму поинаку.

Ова се некои основни индикатори и ви благодарам за вниманието.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Господин Караџоски процедурално.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, со оглед да министерот Петар Гошев покрај образложението за ребалансот изнесе едно експозе за досегашната работа на Владата и со оглед да таков материјал немавме во текот на проучувањето на ребалансот, барам половина час пауза од името на Пратеничката група, а за тоа време да ни биде поделен стенограмот од дискусијата на господинот Гошев како би можеле да се вклучиме рамноправно во расправа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Објавувам пауза од 12,00 часот, а ние расправаме по Буџетот, а не за работата на Владата. Тој дел нужно не мора да го расправате.

Објавувам пауза од 12,00 часот, продолжуваме точно во 12,00 часот.

(Пауза од 11,05 часот до 12,05 часот).

Ве молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Исто така да влезе и предлагачот.

Продолжуваме со работа.

Господинот Љубисав Иванов, не е тука.

Господинот Ѓорчев.

МАРЈАН ЃОРЧЕВ:

Почитуван господин претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници од Владата.

Тема на денешната седница по утврдувањето на дневниот ред како втора точка од дневниот ред беше Предлози за измена и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година и од аспект на тоа што тие предлози се дел од законската рамка која мора да ја има авната потрошувачка, односно државата мора да има буџет како финансиска основа за јавна потрошувачка која мора да биде

усогласена со законската процедура за Буџетот и во тој дел, како што беше донесен Буџетот на 25.03. и овие измени и дополнувања се во ред од аспект на финансиската димензија на Буџетот.

Она што беше изнесено во Експозето на министерот за финансии во делот дека се следи континуирано остварувањето на буџетските приходи и расходи и дека тоа претставува успех во навременото покривање и обезбедување на расходната страна на Буџетот на Република Македонија тоа е работа на Министерството за финансии за која се платени, а политичкиот експонент - министерот говореШе исклучиво за финансиските елементи на Буџетот и тука јас како пратеник во Парламентот на Република Македонија немам никакви забелешки.

Моите забелешки се во делот на оној друг дел на Буџетот за кој во Република Македонија малку се говори, малку се дискутира веќе девета година по ред од моментот на отпочнувањето на преговорите со ММФ, со нивните први претставници, а и пред тоа во деновите на делењето на Република Македонија од поранешната федерација, тоа е делот односно претпоставката за улогата на Буџетот кој има и пледира а и располага со огромен дел од бруто општествениот производ во Република Македонија самото богатство е 1/3, овој  буџет тоа го прави со 35,5% од бруто општествениот производ и располагање со такви големи општествени средства сигурно дека има димензија која во себе не ја содржи само финансиската димензија обезбедување на плати, трансфери, обезбедување на стоки и услуги и сето она што претставува финансиско модус вивенди на македонската држава, туку напротив Буџетот по својата димензија има и економски има и политички и социјални моменти, како што кажав, располага со еден огромен дел од македонскиот бруто општествен производ.

Очигледно дека и оваа година пак ќе кажам девета година по ред барам јас како човек кој во континуитет и како министер во Влада, а и сега како пратеник, но и пред тоа како вонпарламентарна опозиција на разни обраќања, форуми, дебати секогаш сум укажувал на тоа дека пресликувањето на економските модели за земји како што е Македонија, како што е Словенија и Холандија територијално поголема, а со своја економска сила нешто послаба од Луксембург, многу далеку помала земја територијално од Македонија, пресликувањето на моделите на ММФ и Светската банка кои не секогаш биле успешни и се покажале катастрофални по земји кои имаат слична економска структура како што е Македонија значи, на многу мал број стопански објекти и стопански гранки како што се Мексико, Аргентина кои долги години, па и децении не успеаа да врзат крај со крај, а и денеска се расправаат со

големи економски потешкотии укажува на тоа дека таквото слепи пресликување со неколку основни сидра како стабилен курс на денарот, ограничување на личната потрошувачка на вработените во јавниот сектор и оној дел што претставува брза промена на сопственичката структура во Република Македонија на Република Македонија не може да и обезбеди развој, не може да обезбеди вработување, не може да ја намали сиромаштијата во Република Македонија. Независно што тука имаме раздели, подставки, бројки и бројките можеме да го гледаме така или така, едно е основно во Република Македонија сите четири влади експерската и трите политички ја гледаат само финансиската страна на Буџетот. Министрите за финансии се втори премиери, министрите за финансии се тие што толкувајќи ги финансиски бројките создаваат една илузија дека во Република Македонија стабилноста ќе донесе некогаш во иднина, а не знаеме кога, просперитет. Но, тој просперитет и оваа година после 15-ти септември кога се кажа дека народот ќе ја земе судбината во своите раце не доаѓа. Бројките се јасни. Бројките се чисти, но околу бројките треба да продискутираме.

Едно е јасно двете клучни теми на македонската економија рак раната на македонската економија невработеноста расте со бројки ако на 1.01.2003 година била сса 340 илјади невработени сега на 30 јули 384 илјади невработени. Значи 10 илјади лица повеќе на Заводот за вработување.

а крајот на краиштата Буџетот на Република Македонија како дел на макроекономската политика има задача да води сметка пред се за граѓаните на Република Македонија, а не да објаснува сали Владата односно макроекономската политика или Министерството за финансии си ги извршува своите задачи добрто или лошо оти е неспорно барем според мене дека сите тие луѓе кои работат во Министерството за финансии или во Владата во разни или други политички структури си ги извршуваат работите добро, но во основа ефектите од тоа добро работење изостануваат. Изостануваат и оваа година како во делот на невработеноста така и во делот на сиромаштиата.

Од Извештајот на УНДП број 1 до 2003 година извештај за предвремено предупредување се кажува дека над 500 илјади лица во Република Македонија имаат просечни примања под 150 денари на ден што претставува граница на сиромаштијата и дека во Република Македонија процентот на сиромаштијата кој беше 22% во еден период пред промената на политичката власт во Република Македонија, сега изнесува 25%. Значи, имаме реално зголемување на невработеноста, имаме реално зголемување на сиромаштијата, имаме реални луѓе

кои буричкаат по контејнерите, имаме реални стечајни работници и претпријатија кои и понатаму шест пати повеќе прават загуби отколку што прават добивка.

Едноставно, макроекономската политика во Република Македонија, стабилизационата основа на македонскиот економски систем го преведе во економска нирвана или како што еден стопанственик ка1а на една дебата ги нема парите во Република Македонија. Ги нема парите затоа што по два основа се извлечени од паричниот оптег. Едниот основ го прави монетарната политика, другиот основ го прави фискалната политика. Ние тука на 25 март кога дебатиравме за Буџетот на Република Македонија укажуваме на тоа, барем јас укажав, има стенограм, дека едно е да кажуваме во проценти колку зголеменaта стапка на ДДВ за стоки и услуги кое се покачува од 5 на 18% и намалување од 19 на 18% изнесува во цените на мало и трошоците на живот, а друго е како ќе рефлектира како трошок за стопанските субјекти кои плаќаат ДДВ. ДДВ-то иако е повраќај се врши со задоцнето повраќање и барем во она што значи навремено повраќање на ДДВ оваа година која е календарска, веќе не можеме да се правдаме дека заради претходната година и нешто друго се случувало, туку календарска година во која Буџетот се реализира имаме задоцнето враќање на ДДВ над 1,5 милијарди денари кон стопанските субјекти, кон учесниците во правниот промет.

Што покажува тоа? Тоа покажува реално дека зголемувањето на даночните оптоварувања од 16 милијарди денари во 2002 година на 21 милијарда денари во 2003 година за 5 милијарди денари повеќе реално го товареле економскиот сектор во Рерпублика Македонија. Реален економски сектор со градежништвото, земјоделието, реален економски сектор се металургијата, текстилот и ред други гранки со 32 по номенклатура на стопански дејности.

Од тука јасно е сега дека процентите кои тука ги кажуваме на говорница со тенденција и цел да се оправда законската димензија на измени и дополнувања и тоа во ред од финансиски аспект дека треба да се дојде со ситуација кога треба да дадеме законска рамка, она што треба да биде функција на Буџетот да се изврши, меѓутоа, бројките се друго, реалните бројки друго кажуваат. Реалните бројки кажуваат дека имаме за пет милијарди денари повеќе даночно оптоварување по основ на ДДВ во однос на 2002 година. Тоа се факти, тоа се бројки.

Од друга дстрана и покрај добро конституираното планирање и по основ на ДДВ и по основ на акцизи од проектираните приходи не дсе реализирани максимално тие приходи. И по двата основи имаме помалку предвидено некаде

околу 800 милиони денари помалку прилив во Буџетот од акцизи и помалку прилив во Буџетот од ДДВ, тоа по мене, така сметам, се должи на веќе заслабената основа на стопански субјекти од една страна кои го губат економскиот здив, а од друга страна се должи на одредени активности кои го губат економскиот здив од друга страна се должи можеби на одредени активности во делот на шверцот или одбегнувањето на плаќањето на акцизи на луксузна стока, а се знае на кои стоки се плаќаат акцизи, на пример алкохолот, цигарите и оние стоки кои подлежат на екцизно плаќање.

Едноставно кога кажуваме во тој дел дека невработеноста расте, дека сиромаштијата ако не расте барем не ја намалуваме. Ако кажуваме дека во делот на структурните реформи тука имаме заштеди во Буџетот, односно нереализирани трансфери, тоа значи дека ние не правиме структурна реформа. Не правиме структурна реформа, немаме претпријатија кои имаат големи загуби, како што беше Годел, како што беше Стопанска банка, како што беше Југохром, како што беше Македонија-табак, како што беше цени со стотици милиони марки кои беа исчистени, кои сега успешно работат некои од нив, некои од нив не работат, но во секој случај факт е дека реалниот економски сектор тоа што остана од него по сопственичкото преструктуирање искажува пораст од индустриско производство од 5,3 во првите два квартали од годината не затоа што ние сме направиле нешто многу во индустријата или сме направиле незнам каква стапка на продуктивност и рентабилност во Република Македонија, туку затоа што се симна ембаргото на челик што САД го правеа спрема европскиот челик и спрема челниците во Источна Европа и затоа што работи Југохром и ФЕНИ со полн капацитет. Незнам дали ОКТА работи со полн капацитет, но во Македонија базата на податоци, споредбената база е толку ниска што ние само работат неколку капацитети искажуваме пораст на индустриското производство. Но, да не заборавиме ние имаме промена на производствениот начин, имаме промена на сопственичките односи, индустриското производство не го создава само тој бруто општествен производ на една држава или националниот доход во текот на една година. Тоа е само еден дел, еден сегмент од она што го прави националниот доход односно бруто општествениот производ на една држава.

Што правиме со делот на земјоделството. За индустријата рековме дека само заради тоа што неколку успешно решени капацитети во делот на она што беше задача и нивното успешно работење и неколку светски трендови овозможуија македонскиот реален сектор да покаже пораст на индустриското производство.

Во делот на земјоделството беше проектиран пораст од 4% на годишно ниво кој што треба да партиципира во крајнито производ, пораст на бруто општествениот производ 3% на годишно ниво на Република Македонија за 2003 година.

Во делот на земјоделството ние имаме ситуација каде што ниту пченицата се плати, или допрва ќе се обезбедуваат средства да се плати, ниту тутунот се плати, ниту пак она што беше тренд во изминатите години-следење на принципите и правилата на Европската унија, следење на принципите и правилата на СТО, подршка на извозот на макеоднските земјоделски производи, зачленување во ЕУ преку Спогодбата за стабилизација и асоцијација од 9 април 2001 година каде што Макеоднија доби третман како членка на ЕУ.

Република Македонија во делот на примарни земјоделски производи има третман што го немаат ни Слвоенија, ни Полска, ни Чешка ни Унгарија, земји кои што на 1,о4.2004 година стануваат членки на ЕУ. Македонија своите примарни земјоделски производи по потпишувањето на Спогодбата и верифиакцијата на истата ги извезува само со 1% царинска евиденција и такса што се плаќа за евиденција на тие производи кога влегуваат во ЕУ, а не го зголемуваме извозот на земјоделски производи. Не го зголемуваме извозот на целата макеоднска економија. Ние тука кажуваме дека извозот расте 19% во текот на првото полугодие во однос на увозот, но не кажуваме дека остваруваме дефицит, реален трговски дефицит 600 милиони долари. 600 милиони долари е балансот помеѓу извозот и увозот на Република Македонија во првите 6 месеци од 2003 година. Процентите се една работа, реалноста е друга работа.

Ако минатата година сме оствариле 800 милиони долари односно сме биле неуспешни да создадеме таква дискрапанца од 800 милиони долари за првите 6 месеци ние оствативме 600 милиони долари трговски дефицит во размената со странство. Тоа поажува дек апотпирањето само на процентите, потпирањето само на формулациите, затоа што како ќе растат девизните резерви почитувани пратеници од 720 на 820 милиони долари сса , министерот за финансии поточно знае ако не од донации, ако не од цесија, ако не од трансфери на нашите вработени во странство, макеоднски грани кои што преку девизни дознаки скапо заштедените средства во странство ги праќаат во Македонија, сигурно не растат од зголеменито извоз и намалувањето на трговскито дефицит на Република Македонија и дефицитот во платниот биланс.

Тоа се факти, тоа се реални бројки од кои што ние не можеме да бегаме. Тука воопшто не е виновен министерот за финансии. Нашата држава Република Македонија 9 години по ред води гиделна политика за реалниот економски сектор. Политика која што ја нареков јас економска нирвана. Од премногу стабилизација ние не можеме да тргнеме напред. Од премногу стабилизација ние трупаме девизни резерви, а не ги користиме. Не ги користиме затоа што ако можеше “Гранит” пред една година да земе тендер во Украина за 60 милиони долари изградба на патишта или згради или незнам каква инфраструктура, ако државата, она што го говоревме тука барем на почетокот на ова година за нето гарантен извозен фонд издвои дел од тие девизни резерви во вид на гаранции преку комерцијалните банки или конзорцијални, по комерцијална основа банкарско здружување да ги помагаат со гарантен капитал нашите градежни фирми, сигурен сум дека не само во Украина, туку и во Русија и во Полска и во Германија и секаде во Европа нашите градежници заради ефтината работна рака, заради знаењето и умеењето и заради тоа што тие го имаат сега како инфраструктура (багери, булдужери, кранови) ќе може да конкурираат и ќе можат покрај постојните вработени да решат и дел од рак раната на македонската економија, а тоа е невработеноста. Едноставно, не функционира помагањето на државата по основ на девизни гаранции, на она што може да значи пропулзија на макеоднскито извоз што ќе донесе нови девизи во касата на Република Македонија , во девизните резерви и ќе значат нови вработувања. Нови вработувања кои што ќе работат не само во Република Македонија туку и надвор од Република Македонија . 4 основни сектори се во Република Македонија - металургија, текстил, земјоделство и градежништво.

Во другите делови, индустријата на неметали, она што го имаме пакет дел работи, постои , се бори со тешки проблеми, се бори со тешки дубиози, се бори со тешки загуби. Тоа се реалности, тоа се факти, детерминити на макеоднската економска состојба.

Тие факти и детерминати ќе не доведат до таму еднаш да сватиме дек аинфлацијата не може да биде цел. Инфлацијата од 1,8 % во 2002 година, или 0,8% во 2003 година не е цел на макеоднската економија. Инфлацијата треба да биде средство како ние да обезбедиме подобар динамичен развој, подобар раст, поголем раст на бруто општествениот производ. Ние сеуште не сме го достигнале нивото на бруто општествен производ од 1990 година. Зошто тогаш ја правевме промената на системот? Зошто тогаш ги правевме сите овие сопственички преструктуирања? Да го смениме ли капиталот од општествен во приватен, да направиме елита на луѓе кои

ќе бидат многу богати, да го изгубиме средниот слој и да направиме сиромаштија од 25% во Република Македонија . Не, го правевме да го дигнеме бруто општествениот производ да не биде 4 милијарди долари, да биде 6 милијарди долари или 8 милијарди долари. Да имаме не 1800 долари по глава на жител, да имаме 5 иљади долари како што сега земјите за кои што се смеевме, ги потценувавме околу нас сега веќе се и членки на Европската унија, придружни членки до 2007 и членки на НАТО. Стигнаа до таму затоа што сватија дека со таков курс на стабилизација како што го води Република Македонија , јас зборувам деветта година по ред и ќе зборувам секогаш кога ќе дојде таа точка на ред, ние не можеме да одиме напред затоа штокаматните стапки во Република Македонија , реалните каматни стапки, не само на праимрет комидентни, на комитенти од втор ред. Ако биле 20% минатата година, или 17 сега се 15,5%. При инфлација од 0,8% колку е општествената стапка на рентабилност во Република Македонија ? 8-10-7, ја има ли некој измерено. Колку е општествената стапка на рентабилност на реалниот економски сектор кога загубите се 6 пати поголеми од добивката на реалниот економски сектор. Таа треба да биде нула. Еве не е нула, нека биде 6%, кој може да оствари заработка во Република Македонија во такви услови при каматна стапка од 15,5% на годишно ниво. Кој е тој стопански субјект кој што ќе оствари профит на вложени 100 милиони кога треба да плати 15,5 милиони денари камата во комерцијалните македонски банки. Дали постои таква општествена стапка на рентабилност во Република Македонија . Пивара сигурно може, или Цементара , но прашање е дали можат другите, дали може Маврово, дали може Бетон, дали може Силекс, дали можат сите оние кои што вработуваат по 2 илјади, 3 илјади, 4 илјади вработени, како големи економски системи, за кои што ние не водиме сметка, а од тие големи економски системи живеат илјадници претпријатија, или соработуваат живеат и малите и средните претпријатија кои што сакаме да ги развиваме, а не ги развиваме и по таа точка Буџетот и покрај ветувањата за таа развојна димензија, отсуствува тоа од Буџетот на Република Македонија НЕПА ја укинавме, не постои банка за микро кредитирање, ама некако тешко ни оди основањето на мали и средни претпријатија, затоа што не сакаме да признаеме. Во Македонија се води цврст, ригиден монетаризам. Дури и експертите во Министерството за финансии беа претставници на Народната банка. Тие не беа луѓе од реалниот сектор. Тие беа луѓе од Народната банка на Република Македонија . Дури и вицегувернерите што ги избравме тука се од Народната банка на Република Македонија , од девизен сектор од сметководствен сектор, не се тоа луѓе кои што

работеле во стопанството. Не се тоа луѓе кои што давале плата на луѓето, дали, за 100, 200, 300 или 1000 и 2000 вработени, туку тоа се луѓе кои што добро ги знаат процентите, добро знаат колку треба да биде лимитирана јавната потрошувачка, добро знаат која е формулата да се дојде до стапка на инфлација, добро знаат која е формулата да дојдеме до суфицит во Буџетот, како што сега се јавува со помалку 99 милиони расходи и повеќе 560 милиони денари приходи. Но, во основа невработеноста расте, сиромаштијата расте, стечаите продолжуваат. Неликвидност ана макеоднското стопанство, над 120 илјади вработени во макеоднското стопанство не земале плати меѓу 3 и 6 месеци. Од 750 илјади активно работно население во Република Македонија едвај 200 илјади вработено и во државните сруктури, заедно со тие што раотат во способните претпријатија издржуваат 2 милона народ. Издржуваат и 200 илјади пензионери, издржуваат и она што се вика буџет и ние кои што сега тука дебатираме. Едноставно ние со таквата политка го уништуваме темелот на кој што седиме. Го уништуваме реалнито економски сектор. Ние еднаш го уништивме, 1992/ 93 година кога Народната банка на Република Македонија во тој момент заедно со политичките сили кои што тогаш донеле одлука за тоа имавме годишна инфлација од 1000 %. 1000% 1992 година, 700% 1993 година. Целиот каптал што беќе во Република Македонија во стопанските субјекти се прелеа во банките. Откако се прелеа во банките 1994 година почна стабилизацијата и таму се замрзна. Капиталот во банктие не е реален капитал. Тој е капитал на камати. Капитал кој што 6, 7 или 8 пати е повисок од реалната основица што стопанските субјекти во Република Македонија години пред тоа го вложувале како акционерски капитал или го вложувале какокапитал на она што значи основачки влог како претприајтија кои што апртиципирале во управните тела на банките.

Едноставно со такво банкарски систем заради кој што монетарната политика таква е каква што е, а монетарната политика е таква затоа што мора да ги покрие и ТАТ и Лавци и АЛФА-С, а монетарната политика е таква затоа што треба да го покрие Англојугослав банка во Лондон, каде што изгубивме триесетина милиони долари затоа што ги чувавме во поранешната Југословенска банка , кај г-динот Костиќ, директор на таа банка, заради нашите лични пријателства, заради тоа што ние секогаш сме размислувале, и во моментите кога се делевме не трупавме девизни резерви како што Словенците, Хрватите и Србите , туку затоа што размислувавме дека ние треба да бидеме чесни и со 8 милиони долари ќе се оделиме од Југославија. Подоцна ги врзувавме парите и во ЛБХ банката на

Словенците во Швајцарија и во Англојусослав банка на Србирте во Лондон и ги изгубивме парите. Таа банка е вос течај. Ги изгубивме парите и во Експорт Импорт банка, банка која што е поврзана со Англојугослав банка и во должничко и во доверителски односи.

Затоа Народната банка која што дозволи да им се украдат парите 200 милиони марки на штедачите во Битола, каде што имаШе 50 самоубиства, скоро толку жртви колку што имаше во военито конфликт во  Република Македонија  толку лагодно си ги решава работите, затоа што претседателит ена владите и министрите си ставаат експерти, луѓе од Народна банка, тие кажуваат проценти, тие кажуваат бројки, а реалниот економски сектор тоне. Реалниот економски сектор го нема.

Правиме структурни  реформи на  начин како што правиме, каде што ние во макеоднската економија ќе ги уништиме големите системи. Пред неколку дена зборував за водостопанскито систем во  Република Македонија  , кој што чини реално 2 милијарди евра. Јас сум сигурен дека Владата ќе реи да го ликвидира, ако не реши да го ликвидира јас прв ќе станам ќе честитам за храброста, за одважноста и за она што значи зачувување на идентитетот на  Република Македонија  , зачувување на водостопанските системи. Не смее да го ликвидира. Не смее да го ликвидира затоа што таму иако има загуба од 50 милиони евра, а работат 4200 вработени, затоа што водите се државна сопственост, тоа се државни инвестиции во рок од 50 години, одкога Македонија е држава во континуитет. Јас секогаш велам не е крив одделен политички субјект кој што доаѓа на одредено место, функција, крива е политиката која што Македонија ја води 9 години без остаток иста политика. Три сидра, такв аполитика сублимирана, толку тесна, ќе дојде Томсон, ќе дојде Голшајн, ќе дојде незнам кој, ќе дојде Банерџи, ќе дојде сега Разведовски или незнам кој и се иста политика водиме. Ние ништо не сменивме во тоа. Ги сменивме само сопствениците на фабриките, од општествени во приватни.

Едноставно ова што го говорам и за оваа измена и дополна на Буџетот пледира на следното.

Има тенденција да укаже дека конечно за една година политичката коалиција СДСМ, ДУИ додека се увери дека не се дупките во буџетот од причина што некој прет тоа крадел, или некој нешто злоупотребувал, затоа што Буџетот е календарска работа. Дупките во Буџетот се од структурна и системска природа. Дупките во Буџетот кои што се јавуваат, ако ние правиме суфицит, ние направивме 200 милијони евра суфицит 2000 година, па не помогна тоа за развојот на македонската економија. И овие  590 милиони приход повеќе и 99 милиони расход , 659 милиони

заштедени пари нема да помогнат за развојот на макеоднската економија. Ќе помогнат за добриот имиџ на министерот за финансии. Да, за ажурноста, за смелоста во водењето на политика која што значи штедење. Ама штедењето имаше ефекти, имаше значење во еден друг систем, каде што со години зборувавме да ги стегнеме каишите, да ги стегнеме каишите и ги стегавме каишите, се менуваа влади, па дојде распадот на таа федерација во која што бевме и сега сме во друго време. Во капитализмот штедењето значи регрес. Штедењето значи назадување. Во капитализмот модус е потрошувачката-инвестициона, јавна, лична. Во сите три домени ние имаме опаѓање на потрошувачката. Оваа година  немаме инвестиции, би рекол праводљубиво, оправдано, безбедносна криза, лечење на раните. Но нема инвестиции. Нема инвеститори. Едно време идеа тука, Ауди, идеше Сименс , идеше Хип, ги изгубивме тие инвеститори. Не идат повеќе во  Република Македонија. Не идат тие кои што можат да повлечат, идеше  Ерсте банка од Австрија и таа ја избркавме. нема инвестициона потрошувачка. Личната потрошувачка стагнира. Кошничката е се помала. Процентите да, расте индустриското производство, растат девизните заштеди, депозити, расте извозот 19,4%, ама расте и трговскито дефицит. Едноставно нема кој повеќе во Македонија да инвестира. Граѓаните не трошат повеќе, штедат за црни времиња, криза е и воена разврска има и банди по планините кои убиваат луѓе, инвеститорите не доаѓаат. Јавната потрошувачка  е лимитирана, како ние ќе одиме напред? Со донациите ли од Кралството Холандија, со донациите што ги имавме од Советот на Европа? Ќе одиме една година.

Едноставно Буџетот е во функција на ригидна монетарна концепција која што не овозможува развој на  Република Македонија  и со ребалансот не овозможува развој, па оттука конечно е нужно тие кои што се повикани, кои што ја носат стратегијата за развој на  Република Македонија  , Академијата, есенцијата на македонскиот ум на  Република Македонија  заедно со телата од административната област, од минситерствата, она што претставува претходно знаење и умеење да направиме наша макеоднска стратегија како што имаат Словенците. Тие немаат аранжман со ММФ, ни стенбај. Југославија имаше стенбај со ММФ па пропадна. Немаат аранжман со ММФ, ама имаат договори со Светската банка за проекти од водите, меѓународни, морски, речни, планински води, шумите. Тоа го имаат тие и одат напред. Да им простиме за упадот во системот на Југославија 2 милијарди долари земаа и сега тие им се во девизните резерви. Кога иамвме ние можности  да го направием тоа не го направивме, а сега не можеме да го направиме. Сега можеме само да трупаме девизни резерви, ама ако не знаеме како да ги употребиме со нов

развоен концепт во нето девизен фонд за гаранции, во она што значи банка за микрокредитирање, во отворање на порите на систем за вработување. Не како Законот што го донесовме тука. Систем за вработување. На секоја фирма која што ќе зголеми извоз, на секоај фирма која што ќе вработи продуктивно вработен, тогаш ќе имаме не 2%

знаете ли колку е 5% на 4 милијарди долари бруто општествен производ на Република Македонија.

Многу малку пари се тоа, двесте милиони долари. Ако ние вработиме 20.000 луѓе, а новосоздадената вредност ја прават луѓето, живиот труд, ние немаме технички иновации, немаме иновации ниту во земјоделството, ниту во текстилот, ниту во индустријата, копираме системи од Запад. Живиот труд може да ни донесе зголемување на бруто општествениот производ, а ќе решиме и социјала, ќе решиме и политика. Едноставно, си останувам доследен да укажам на тоа дека со овој ребаланс нема да се смени ништо во делот на она што сум го работел со години наназад во делот на земјоделството, а конкретно на крај ќе укажам дека пченицата нема да се плати, тутунот нема да плати. Ќе останат проблемите во ветерината, ќе останат проблемите во сточарството, ќе остане проблемот во фондот за земјоделие, ќе остане Република Македонија единственса земја со Албанија каде што нема стимулативна поддршка од Буџетот на Република Македонија, единствена, а која што има право да ја дава и каде Меѓународниот монетарен фонд нема право да приговара и кој што може да влезе во буџетскиот дефицит, затоа што тоа ни е договорено со Светската трговска организација. Таа единствена дава виза дали можеме или не можеме да стимулираме реален сектор, а таму добивме виза од две милијарди. Јас апелирам министерот за финансии тоа да го има предвид, идната година кога ќе го конципира буџетот таа стимулативна подршка барем на овој дел од реалниот економски сектор да биде дадена, барем во делот на земјоделството, шумарството и водостопанството да тргнеме напред.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Димитров.

АНГЕЛ ДИМИТРОВ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници и почитувани претставници на Владата,

Јас во принцип не сакам да излегувам надвор од темата и дас зборувам за нешто што не е на дневен ред. Во моментов на дневен ред е ребалансот на Буџетот за 2003 година, но морам само да кажам две реченица во врска со претходната дискусија на господинот Ѓорчев. Не само тој, еве и јас целосно се согласувам со тоа што значи ригидната монетарна политика врз база на контролата и сугестиите од Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка за развојот на Република Македонија. Но, јас сум разочаран од друго што многу малку економисти во Република Македонија, не само да ги кажуваат фактите, кои се тие и бројките, туку нудат алтернатива на таквата политика. Сите знаеме дека нема развој без нови инвестиции, а за инвестиции требаат пари. Дали Република Македонија може да го зголеми домашното штеење на тоа ниво, за да можеме сами да го креираме развојот. Дали можеме да предизвикаме странски инвестиции или донации за нашиот развој, ако немаме аранжман со Светската банка. На тоа поле многу малку луѓе даваат одговор и не нудат алтернативи, а констатациите се тие.

Да се вратиме на темата. Споредувајќи ги податоците за остварување на Буџетот на Република Македонија за првите шест месеци од оваа година, со планираните големини, лесно може да се заклучи дека планираните цели на фискалната и монетарната политика за 2003 година се остваруваат без некои поголеми потешкотии и тоа на сите три полиња. На полето на намалување на јавната потрошувачка, на полето на намалувањето на буџетските расходи и на полето на намалувањето на буџетскиот дефицит. Се разбира, најголем проблем во намалувањето на буџетскиот дефицит и натаму претставуваат огромните таканаречени трансфери, социјални трансфери на Буџетот на Република Македонија. Така, до крајот на годината се предвидува од Буџетот на Републиката, заради навремена исплата на пензиите да се префрлаат во Буџетот за пензиско и инвалидско осигурување, наместо планираните 9 милијарди и 98 милиони денари, вкупно 9 милијарди 456 милиони денари, што значи зголемување од над 358 милиони денари. А, во Буџетот за здравствено осигурување, заради навремена исплата на услугите на јавните здравствени организации спремас Фондот, наместо планираниот трансфер од 5 милијарди и 169 милиони денари се предвидуваат вкупно 5 милијарди и 757 милиони денари или зголемување за над 578 милиони денари. Ако на ова се додадат трансферите кон Заводот за вработување, заради навремена исплата на надоместоците за невработеност, јасно произлегува дека сакале или не нашиот Буџет мора и понатаму да има социјален карактер.

Да бидам искрен, лично сметам дека во држава во која Народната банка води цврста монетарна политика, остварувањето на горенаведените цели не може да го загрози одржувањето на и така ниската инфлација и стабилниот курс на националната валута, што претставува и нивна примарна задача и врз база на она што пред малку го реков, контролата на монетарниот фонд. Ова, за оние колеги кои избрзаа да кажат дека без овој ребаланс во Република Македонија се очекувала огромна инфлација и девалвација на денарот, што се разбира дека не е точно.

Друг е проблемот, што поради покривање на веќе споменатите и зголеми расходи и трансфери, мора да се продолжи и понатаму со намалување на другите расходи, како на пример, расходите за плати, расходите за набавени стоки и услуги и некои други јавни расходи.

Во понатамошното мое излагање сакам да обрнам поголемо внимание на приходите и тоа особено на даночните приходи. За разлика на данокот од добивка, кај кого во првите шест месеци имаме зголемување за 329 милиони денари од предвидените, кај данокот на додадена вредност акцизите и особено што ме нервира така да кажам, персоналниот данок имаме намалување од планираното. Додека кај данокот на добивка, со намалување на стапката од само 15%, што е една од најниските во Европа на овој вид на данок, со зголемувањето и ослободувањата што ги направиме на последните измени од овој Парламент на Законот за данок од добивка, можеби и понатаму да очекуваме негово зголемување, т.е. неговото учество во полнење на државната каса, тоа истото не можеме да го кажеме за данокот на додадена вредност и за персоналниот данок.

Со акциите на Министерството за финансии и Управата за јавни приходи, за завршување на процеост на фискализација, се оствари одреден напредок, но сеуште сме далеку од постигнувањето на крајната цел. Па, така, трговците кои порано изјавуваа додека комшијата не набави фискална каса, немам намера да купам ниту јас, денес велат, додека фискалната каса на комшијата му служи само за украс, дотогаш и јас немам намера да ја користам мојата фискална каса.

Друга е приказната со персоналниот данок од доход. Сигурен сум дека огромниот број на македонски богаташи кои милуваат да пазарат во кеш, па дури и да купуваат акции или недвижности со фпари кои ги носат во торба, немаат поднесено годишни даночни пријави, во кои се должни, според постојниот закон да ги прикажат податоците за сите видови на приходи кои ги оствариле во минатата година и износот на платените аконтации на спомнатиот персонален данок.

Што се однесува до плаќањето на персоналниот данок и придонесите од плата, мојот заклучок е следниот. Колкав е бројот на непријавените работници и износот на неплатените даноци и придонеси во едно трговско друштво, може да се заклучи од типот и цената на мерцедесот што го вози таканаречениот газда. Ако сакаме вистинска борба против сивата економија, на овие појави навистина мораме да им ставиме крај. Можеби борбата со сивата економија е подолгорочен процес и не може да се добие на краток рок, но резултатите од таа борба можат не само да ја пополнат државата каса, туку и современо да значат почитување на законите, еднаквост, правичност на сите граѓани во државата.

Намалувањето на даночната евазија, исто така, ќе овозможи на подолг рок и намалување на самите стапки на даноците, што е наша крајна определба. Се надевам дека Министерството за финансии и управата за јавни приходи во идниот период, уште поангажирано ќе се зафатат со решавањето на овие проблеми, а ефектите од таа ангажираност ќе можеме да ги видиме уште при конципирањето на буџетот за 2004 година. Тогаш би сакал овие зголемени приходи од намалување на сивата економија и даночната евазија, да се искористат за зголемување на капиталните расходи, кои за жал, во привите шест месеци од годината бележат големо намалување, некаде над една милијарда денари.

Во време на невработеност и неопходен економски раст, овие капитални расходи можат индирекно да помогнат во зголемувањето на стопанската активност и позитивни да влијаат на севкупната економија во државата.

Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господин Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници фна Владата на Република Македонија, колеги пратеници,

Дозволете ми како известител на Комисијата за финансирање и буџет, а и како пратеник да искажам некои свои забелешки и мислења по однос на точката која е на дневен ред, односно по ребалансот на Буџетот кој ни се нуди.

Инаку, само да потсетиме дека сепак денес е 17 септември 2003 година, што значи една година и два дена откако власта премина во рацете на

народот, односно на граѓаните, шест месеци, незнам точно или седум месеци откако е донесен Буџетот, што значи некаде од април па до денес имаме ребаланс на Буџетот, што сето та укажува на една работа, што ќе каже министерот за финансии, ние се убаво си работиме, ама народот е тој што сеуште не ги почувствувал благодетите од нашата работа, па затоа ни е потребен ребаланс на буџетот, за да ја продолжиме онаа политика која ја зацртавме.

Јас накратко би се задржал за ребалансот. Значи, неговата основна карактеристика е таа што се зголемуваат вкупните приходи на буџетот, а се намалуваат вкупните расходи и сега да не ги кажувам бројките, приходните се зголемуваат за 0,73 милијарди денари повеќе во однос на планираните, а расходите за некаде 0,1 милијарада помалку од планираните. Тоа е потребно, заради тоа што во овој период приходната страна на буџетот растеше наспроти планираното и на овој начин тоа треба да се испегла. Според објаснувањето на предлагачот, најмногу приходната страна на Буџетот бележи пораст во делот на неданочните приходи, што според образложениeто на предлагачот не можело да се испланира и тоа било основната причина дивидентата од Телеком, која што го зголемува вкупниот приход. Или, основна цел на Буџетот е да се намали дефицитот од 1,6% на 1,4% од бруто домашниот производ, што со вака проектираниот ребаланс, најверојатно и ќе се оствари.

Инаку, ако гледаме по приходната страна, покрај она зголемување од 1500 милиони денари од неданочните приходи како последица на дивидендата од Телеком, за која што нешто може да се каже или може барем да се сомнева дека можеби е тоа една договорена работа со Владата на Република Македонија, на сметка на што цените на телефонските услуги останаа високи и до ден денес, значи, поради тоа што се исплати таа дивиденда. Меѓутоа, ако пак ги гледаме другите проектирани приходи кои се и како реализирани, ќе видиме една интересна навика, гледајќи го приходниот дел на Буџетот имаме едно намалување на проектираните приходи на данокот на додадена вредност и тоа за 790 милиони денари и покрај тоа што ставката на данокот на додадена вредност е изменета со закон, односно е зголемена. Сега овој податок е, барем од она што го имаме овде доставено со ребалансот и од објаснувањето што го имаме, веројатно министерот ќе ме корегира, па ќе каже дека тоа не е точно и дека според последните подастоци таа бројка е зголемена, што јас гледам овде според оваа графа што ја имаме. Но, и да се зголемена, во секој случај, ако ја споредиме оваа која што сега ја гледам со август 2003 година, и минатата година, тоа се 13% пониски приходи. Исто така, имаме

намалување на проектираните приходи на акцизата за 799 милиони денари и дали тоа значи дека е зголемен шверцот. Ако пак ги споредиме приходите на акцизи во август 2003 година во однос на идниот месец од минатата година, тие се 3,1% пониски. Објаснувањето на Владата на Република Македонија е фактички зголемувањето на учеството на безоловниот бензин во проджбата, според тоа што има помала акцизна стапка и апстинирањето од купувањето на патнички автмобили. Поради тоа е и дојдено до вакво намалување.

Најголеми измени, според она што јас можам да го согледам, како и тоа што се констатира на Комисијата е тоа што бележиме одредени промени во расходната страна на Буџетот и тоа со една претумбација кај одредени расходи, се бележи зголемување, а кај другите и намалување на расходите, што во вкупната расходна страна на буџетот, кој нема кој знае какво влијание, таа е само намалена за 0,1 милијарда. и, сега, се поставува прашањето зошто мора на овој начин да се прави измена на расходната страна, или кажува дека добро не сме планирале кога сме го планирале буџетот, па одредени расходни стапки или сме ги промашиле или доволно не сме ги виделе, за да сега одеднаш правиме такви поголеми и претумбации. Сега, зголемување на расходите, неизбежно зголемување, според предлагачот, како најважни се одвоени трансферите до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, трансферите до Заводот за вработување, до Фондот за здравствено осигурување, расходи за рефундирање на данокот на додадена вредност за проекти или на финансирани странски донации и тн., а додека намалување на буџетските расходи имаме, не би ги читал сите, би издвоил само неколку. Тоа се алокација за програмата за вработување е намалена за 0,43 милијарди денари, бидејќи според динамиката на реализацијата на вработувањата се проценува дека најголем дел од трансферите ќе треба да бидат извршени во 2004 година. Значи, ова е спротивно на она што го слушавме кога се носеше буџетот, дека според таканаречениот бранков закон оваа година би требало да заврши со некаде 20-30 илјади нови вработувања. Но, до сега таа бројка изнесува едвај некаде 4.000 вработувања. Или, тој закон нуди и вработувања на социјални категории, можност за такви вработувања и т.н. Нашите податоци зборуваат дека таа бројка на социјални вработувања, според тој закон, изнесува некаде 24. Значи, колку е успешен законот го покажува и намалувањето на расходот во Буџетот, со ребалансот. И, тоа е во основа како цел што ја користи и самиот предлагач. Што значи со ребалансот треба да се псотигне намалување на буџетскиот дефицит, обезбедување редовно навремено финансирање на функциите на државата и т.н.

Меѓутоа, би сакал некои работи да истакнам колку да бидеме позапознати и јавноста да биде позапозната. Ако се гледаат расходите ќе забележиме дека се намалуваат капиталните расходи за 106 милиони денари. Што значи тоа за економијата, можеме лесно да заклучиме, ако имаме предвид дека нашата економија е зависна од овој дел, па со ваквото намалување може да се прекине инвестициониот циклус. Еве еден потсетник и еден прилог, значи, во првите осум месецки од 2003 година во однос на истиот период од минатата година, капиталните расходи се намалени за над 3 милијарди денари, што не е мала сума и што може секојдневно да се види. Исто така, имаме намалување на детскиот додаток за 96 милиони денари. Намалување на програмата за поттикнување на нови вработувања 427 милиони денари, што ќе рече дека не ни се потребни вработувања. Намалување на расходите за попис за 35 милиони денари. Дали тоа значи дека по еден месец нема да се каже дека пописот не може да биде завршен заради немање на пари. Исто така, имаме намалување на трансферите на поддршка на млади таленти за 5 милиони денари. Имаме намалување на трошоците за надомест за превоз до и од работно место за 26 милиони денари, а паралелено со тоа се зголемува автобускиот превоз.

Во ребалансот, да ја потсетиме јавноста предвидени се 0 денари, што значи воопшто не се предвидени за надомест за годишен одмор, или така наречен популарно К-15. Иако ова беше цел на преговори и разговори со синдикатот поради кој што синдикатот излезе многу убеден од состанокот со господинот премиер и задоволен и среќен, затоа што премиерот вети дека ќе исплати К-15 на јавната администрација поради која што причина синдикатат и го одложи генералниот штрајк кој што беше најавен на денот Д, или денот, да речам, преминувањето на власта од една во друга страна, поточно во Коалицијата за Македонија, или најубаво кажано кога власта премина во рацете на граѓаните. Ние денеска го немаме тој штрајк. Можеби лидерот на синдикатот е сеуште убеден дека К-15 ќе добијат заради тоа што други потреби, барања синдикатот и немаше. Меѓутоа, очигледно е дека некој бил надитрен, или да не речам некој бил излажан. Кој, времето тоа ќе го каже. Очигледно онаа другата страна. Можеби ќе очеккуваме наредниот месец, или поточно некој јубилеј кога синдикатот можеби ќе покрене нова иницијатива за штрајк. Не знам, веројатно втор ребаланс нема да имаме до крајот на годината за да можеме да ги лажеме дека повторно ќе го исплатиме К-15. Значи, наспроти тврдењата и убедувањата на министерот за финансии кога се носеше буџетот дека Владата има таква стратегија и таква политика дека во никој случај нема да дозволи

струјата да поскапи. Нас ни се случи поскапување на струјата за 7%, меѓутоа и со едно такво поскапување буџетот дополнително ќе биде оптоварен за трошоци за струја за 16 милиони денари. Тоа е тоа ветување, тоа е тоа објаснување кое што го кажа и министерот Гошев, а и целата Влада што значи дека допрва не очекуваат некои поместувања и во тој дел. Ако ги разгледаме трошоците по министерствата, ќе ги видиме следните работи. Платите во Министерството за внатрешни работи се намалени за 140 милиони денари, намалена е поддршката, односно трошоците за поддршка на мали и средни претпријатија за 30 милиони денари, тоа во делот на Министерството за економија, намалување на трошоци за купување на мебел и канцелариски материјал за 7 милиони денари и тоа од Министерството за образование. Голем дел од училиштата се руинирани. Потребна е нивна санација, тоа сите го знаеме, меѓутоа секогаш за нив се нема доволно пари.

Ќе се вратам на почетокот на она што министерот Гошев го искажа и покрај објаснувањето на ребалансот кој ни го даде. Во своето излагање тој даде едно експозе колку Владата во овој период од 11 месеци сработила и како сработила. Ние експозето господине претседателе не го добивме, досега не ни е поделен, меѓутоа независно од тоа што не ни е поделен покрај многу бројки и цифри кои беа искажани глобално сé се завршува со една реченица, тоа е дека Владата убаво работи, ама народот тоа сеуште не го чувствува, сеуште е рано да го почувствува, а ќе го почувствува некаде кога оваа Влада ќе си замине со краен рок 2006 година. Ако не се случи некое чудо, па да замине порано. Не е тоа само збор на г. Гошев, тоа е и излагање на премиерот кој во една емисија потенцира дека народот треба да биде стрплив, дека до 2006 година ќе ги почувствуа сите благодети од ова успешно работење на Владата. Сега се поставува неминовно прашање, па зошто граѓаните не можат да ги согледаат овие убави резултати на Владата, затоа што низ бројки како што ни објаснуваше, или се трудеше да ни објасни министерот за финансии, тоа е толку очигледно дека Владата навистина успешно работи, само што граѓаните, а и ние од опозицијата тоа никако да го разбереме и да го сватиме. Јас ќе се потрудам низ неколку примери ако можам да ги убедам граѓаните дека навистина оваа Влада во изминатите 11 месеци навистина успешно работи. Значи, ако разгледаме во глобала имаме 10 илјади нови вработувања, но во Заводот за вработување, поточно евидентирани како невработени имаме вработување на секој член од семејството, поточно по еден, за да не создадеме забуна, по еден член од семејството, како што беше и ветено, меѓутоа наместо вработување таа формула ја применивме на отпуштање од работа и се трудевме како Влада да ја примениме таа

формула да не се случи некаде и двајцата да ги отпуштиме, макар што има и такви случаи, но во глобала тоа е успешно, по еден член од семејството до Нова година, поточно до крајот на оваа година навистина ќе биде отпуштен од работа. Но, за утеха е дека тоа отпуштање сепак во најголем дел се однесува на македонските граѓани за што албанците не треба да се секираат, нивниот процес на процентуална застапеност во јавната администрација е отпочнат и тој тече и да не се секираат, бидете сигурни и убедени дека овој број на отпуштени македонски граѓани ќе бидат заменети со други. Исто така, граѓаните треба да бидат свесни дека после 13 години макотрпна работа, огромен напор и труд конечно Владата на СДСМ и ДУИ го легализираа Тетовскиот универзитет. Еве сега ќе имаме еден закон кој што ќе следи во Собранието, така што навистина не треба да се секираат, навистина тоа е огромна победа и сега ќе имаме два универзитети во еден град што е добра работа за продукција на високи кадри.

За потсетување, по преземањето на власта во ноември 2002 година па до јуни 2003 година, значи само за 7 месеци Владата на СДСМ и ДУИ ги зголемија цените на греењето за 20,5%, железничкиот транспорт за 12,5%, автобускиот превоз за 11,2%, струјата за 7%, лековите за 6,7%, апаратите за домаќинство за 4,6%, безалкохолните пијалоци за 3,7%, средствата за лична хигиена за 3,7% итн. И чудно е како навистина народот не го чувствува ова успешно работење на Владата.

По однос на она што почитуваниот министер за финансии ни искажа низ бројки, јас ќе кажам некои наши податоци. Кога станува збор за производството во Република Македонија во периодот јануари - јуни 2003 година споредено со истиот период од 2002 година индустриското производство е намалено во 17 гранки од вкупно 24, производството на храна и пијалоци кое има учество од 24,9% од вкупната индустрија, се намали за 16%, производството на текстил кое има учество од 8,8%, се намали за 22%, производството на хемиски производи се намали за 20%. Само две од поважните индустриски гранки забележаа пораст, тоа се производството на основни метали и производството на електрична енергија. Производството на основни метали кое учествува со 16,4% порасна за 106% и тоа како резултат на експанзијата на ФЕНИ, СИЛМАК и МАКСТИЛ. Производството на струја кое учествува со 6,9% порасна за 19% повлечено од овие три компании кои трошат 50% од вкупната потрошувачка на струја во индустријата. Вкупното индустриско производство во периодот јануари - јуни 2003 се зголеми според наши податоци за 3,5% споредено со истиот период лани, меѓутоа растот целосно е резултат на споменатите три компании. Меѓутоа, ако пак тие се исклучат,

производството на останатата индустрија се намали за 15%. Очигледно значи по заживувањето на последниот квартал на 2002 година најголем дел од македонската индустрија повторно влезе во длабока рецесија. На почетокот на 2003 година да потсетам, Владата нема никакви заслуги за позитивните резултати кои ги постигнуваат ФЕНИ, СИЛМАК и МАКСТИЛ, напротив првите две компании беа успешно приватизирани со влез на странски стратешки инвеститор во времето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ и нејзините коалициони партнери. Од друга страна производството на МАКСТИЛ расте како резултат на зголемувањето на побарувачката на челик на светскиот пазар. Растот на извозот од 30% во периодот јануари - мај 2003 година споредено со истиот период од 2002 година е исто така целосно резултат на зголемениот извоз на фероникел од ФЕНИ, феросилициум од СИЛМАК и челични лимови од МАКСТИЛ и текстил. Кај останатите извозни производители нема никакви позитивни тенденции. И да не читам уште, затоа што убеден сум дека господинот министер ќе ме демантира во сето ова што го кажувам од проста причина што најверојатно ќе употреби тоа дека господинот Караџоски не знае да рачуна проценти. Јас само да потсетам дека сите овие податоци се добиени од Државниот завод за статистика што значи дека ако нешто не е во ред со процентите и бројките, тогаш не е во ред во таа институција. Значи, од сите овие причини јасна е само една работа, ребалансот секако ќе биде усвоен. Меѓутоа, како работела Владата и колку тоа било успешно, почитуван министре најдобро е да се прошетате меѓу граѓаните и нив дирекно да ги прашате колку го осетија благодетот од промената на власта. А, инаку во вашето образложение кое овде ни го кажавте низ бројки тешко кој може да го почувствува од граѓаните. На крајот на краиштата ние ќе бидеме стрпливи па ќе го почекаме 1 ноември кога премиерот ќе излезе со едно експозе, или како го нарече тој, отчет и пред граѓаните и пред Парламентот што сé сработила Владата во оваа година. Верувам дека тој отчет, тоа експозе ќе биде далеку поубедливо отколку ова што вие го кажавте денеска. Така што бидете сигурни дека и граѓаните, па веројатно и нас на крајот можеби ќе не убедите дека навистина добро сте работеле и дека нема никакви проблеми што се однесува до економијата во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор госпоѓа Којзаклиска.

МАРИЈА КОЈЗАКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре,

После само 5 месеци од донесувањето и усвојувањето на Буџетот на Република Македонија, денес се наоѓаме пред предлогот за Ребалансот на буџетот на Република Македонија за 2003 година. Општа констатација во самиот ребаланс на буџетот е дека јасно може да се види Владата на Република Македонија со ваков состав како што е сега сеуште ги намалува расходите, а го зголемува товарот на граѓаните. Со овој ребаланс Владата на Република Македонија планира да го намали дефицитот на централниоит буџет од 1,6% од бруто домашниот производ на 1,4%, односно да намали за 4 процентни поени во однос на 2002 година. Сите економски експерти како што кажуваше колегата Јордановски кои ги консултирал, само што во тој случај беа правни експерти, во овој случај се економски експерти, би се согласиле дека ваквото драстично намалување на дефицитот негативно ќе се одрази, односно веќе се одразува на македонската економија и на натамошниот развој на македонската економија. Ова намалување на дефицитот пред сé е последица на прекумерното и непланско штедење на Владата на Република Македонија на која толку многу се повикува оваа Влада. ММФ со цел да не се предизвика притисок на инфлационата стапка со зголемување на потрошувачката во втората половина на 2003 година предложи да се намали дефицитот. Дека македонската економија со ваква фискална политика не може да оствари раст од 6% како што ветуваше оваа Влада покажува и фактот што веќе е намален проектниот пораст од 3% на 2,75% кој многу тешко со оглед на сегашната состојба и она што се планира да се направи тешко ќе може да се оствари до крајот на годината. Треба да се напомене дека овој раст главно е генериран од индустриските капацитети како што се ФЕНИ, ЈУГОХРОМ, односно фирми кои претходно веќе беа спасени од својот колапс. Зголемувањето на приходите не е резултат на намалување на шверцот, или даночната евазија, туку резултат на договорот помеѓу Владата и Телеком. Со овој договор Владата со добивање на дивидендата за која зборуваше и министерот Гошев успеа да прокнижи 18 милиони долари, или нешто над 1 милијарда денари, а за возврат остави граѓаљните да ги плаќаат астрономските суми на сметките за телефонските разговори кои за жал не покажуваат тенденција на стагнирање, туку можеби на пораст. Самиот факт дека и покрај зголемувањето на данокот на додадена вредност од 5% на 18% во април оваа година Владата со овој ребаланс планира намалување на планираните приходи и проектирани приходи на ДДВ за 790

милиони денари укажува на фактот дека во Република Македонија сивата економија сеуште постои и има огромна тенденција за нејзин развиток. Така приходите од данокот за додадена вредност во месец август 2002 година во однос на истиот месец лани, значи август 2002 година во споредба со август 2003 година се за 13% пониски и покрај зголемувањето на ДДВ како што кажав претходно од 5% на 18%. Исто така, и намалување на проектираните приходи на акцизата за 799 милиони денари покажува дека многу повеќе акцизна стока се продава на импровизираните пазари низ територијата на Република Македонија, или на улиците, отколку во регистрираните продавници. Како потврда на ова е и фактот што приходите од акцизата во месец август 2003 во однос на месец август 2002 година се за 3,1% пониски. Во една ситуација каде имаме ескалација на проблемите на невработеност, социјалната несигурност и се поголемата растечка сиромаштија на граѓаните во Република Македонија дополнително го загрозија и го загрозуваат за жал и понатаму квалитет на животот на граѓаните. Во една ваква ситуација Владата се одлучи да ги намали расходите и тоа и колегата Караџоски претходно го кажа, меѓутоа сакам уште еднаш да го потенцирам, ги намали расходите и тоа кај детскиот додаток за 96 милиони денари, трансверите за поддршка на млади таленти за 5 милиони денари, структурните рефоми за 80 милиони денари. Повторно ќе го цитирам колегата Караџоски заради запознавање, или потсетување на колегите пратеници и на јавноста дека во овој ребаланс забележливо е дека за регресот за годишен одмор се издвоени 0 денари што уште еднаш потврдува дека работниците сепак во јавната администрација работниците сепак беа изманипулирани од Владата и од синдикатот, посебно од лидерот господинот Ванчо Муратовски кој водеше тешки и исцрпувачки преговори за да на крај износот на регресот изнесува 0 денари.

Владата не само што не презема никакви активности за забрзување на срукturните реформи, кои како една од нивните приоритетни работи ги предвиди со Програмата и решавањето на загубарите кои ќе придонесат за заживување барем на инвестиционите активности и за долгорочно закрепнување на оваа исцрпена македонска економија, туку ги намалува и средствата кои се потребни за вработените и за санирање на претпријатијата. До денес ниеден загубар не е решен, при што сакам да ја запрашам и Владат и луѓето одговорни за ваквите финансиски проблеми, дали таа е свесна дека без буџетска поддршка на структурните реформи не може да има и решавање на претпријатијата загубари, кои се дел од обврските склучени со ФЕСАЛ 2 аранжманот со Светската банка.

Во овој ребаланс на Буџетот се предвидува и намалување на трошоците во Министерството за економија за поддршка на малите и средните претпријатија во износ од 30 милиони денари. Со ова Владата го намалува бројот и ќе го намали бројот на малите фирми, со што автоматски доаѓаме до зголемување на бројот на невработените, намалување на продуктивноса и намалена конкурентност на пазарот, кои беа една од нејзините цели во изборната програма и во Програмата на Владата за нејзината работа во 2003 година. И кога конечно сите помисливме дека Владата ќе почне да се занимва со поттикнување на вработувањето и намалување на сиртомаштијата, а со тоа и намалување на бројот на невработените, кој само да потсетиме во последните 10 месеци е зголемен за 10 илјади лица, и покрај воведувањето на тн. Браков закон односно Законот за поттикнување на вработувањето, за кого од Буџетот ќе се потрошат 2 милијарди денари, за кој закон токлу добатиравме овде во Собранието на РМ, во ребалансот можеме да видиме само намалување на средствата предвидени за програмата за поттикнување на нови вработувања во износ од 427 милиони денари.

Анализирајќи го ребалансот на буџетот може да се забележи дека е планирано намалување на рсходите за пописот во висина од 35 милиони денари. Секако, овде е неопходно објаснување дали тоа се прави поради завршување на обработката на податоците од пописот, па Владата за секој ден, во некој од нарендите денови ќе ни ги соопшти резултатите од истиот, или пак за краток период некој од претставниците на Владата ќе излезе и ќе ни соопшти дека поради немање на средства дека резултатите од пописот ќе се пролонгираат во недоглед.

Понатаму, во делот на образованието може да се забележи дека поскапува сместувањето и храната на студентите, средношколците незнаат, како и учениците во основните училишта кои се вистинските книги за учење, но од друга страна имаме префрлање на голем број парични средства заради дезинсекција и дезинфекција на студентските домови. И покрај овој хаос со предложениот ребаланс во Министерството за образование се намалуваат трошоците за купување на мебел и канцелариски материјал за 7 милиони денари, и покрај секојдневните слики што ги гледаме на училиштата кои стојат руинирани, а не е предвидена за нив до изградба, санирање или адаптација.

На крајот само ќе ги потсетам претставниците на Владата и вас колеги пратеници, како и јавноста, за еден извадок од прогрмата на Владата на РМ, во контекст на ова претходно што го кажав. Имено: политиката на вработувањето како што е предвидено во програмата, како еден од главните столбови на

макроекономската политика ќе биде насочена кон итно запирање на порастот на невработеноста и обновување на нарушените функции на пазарот на работната сила. Основни елементи на политиката за вработување ќе бидат активните политики и реформите на пазарот на работната сила и создавање на клима на поголема флексибилност и конкурентност. За разлика од досегашната практика, Владата на РМ во 2003 година ќе изврши поефикасно тергетирање на социјално загрозените лица преку заострување на критериумите за доделување на социјална помош.

Ова последново што ви го прочитав и она што претходно го наведов е доволна причина да размислите каков е овој ребаланс на Буџетот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Аднан Јашари.

АДНАН ЈАШАРИ:

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Сите знаеме дека буџетот се усвојува во еден период кој обично трае една година. во текот на таа година се пребираат сите работни кои се во рамките на Буџетот, кои се планирани и во овој Буџет. Сите овие придобивки треба да бидат екулибрирани, бидејќи принципот на буџетот е пред се стабилен буџет. Овој буџетски еквилибар, рамнотежа треба да биде доколку овие влегувања се реализираат во поголем износ отколку што е планирано или помалку од она што е планирано. во овој случај, без друго се врши хармонизација на буџетските влегувања и расходи, а поради тоа доаѓа и до ребаланс на буџетот.

Измените и дополнувањата на буџетот за 2003 година се предвидуваат поради редефинирање на главните агрегати на македонското стопанство за обезбедување на дополнителни средства во некои одредени цели, промени околу придобивките итн. Врз основа на она што е предвидено во измените на буџетот за 2003 година, имаме зголемување на општите влегувања, приходи, намалување на расходите и намалување а буџетскиот дефицит. Во овој правец имаме зголемување нап риходите во споредба на она што беше планирано во Буџетот за 2003 година. Општите трошоци се намалени за една милијарда долари во однос на она што е планирано во Буџетот на РМ, со што треба да се има предвид дека во овој извештај, во овој сооднос, структурата на општите трошоци има промени, така што во некои позиции имаме зголемување во однос на другите позиции.

Во овој правец особено би ја нагласил позицијата предвидена за областа на образованието и науката или Секторот на високото образование, каде што имаме зголемување на трошоците за плати и други компензации, што е резултат на

обврската на оваа Влада за финансирање на високото образование на албанците во РМ. Гледано општо, оваа политика на Владата на РМ, по се изгледа, има за цел во континуитет да ја зачува макро-економската стабилност, што најдобро може да се види од предвидувањата во овој Предлог буџет, според кои до овој период општите трошоци се намалени за 2,7 милијарди денари во однос на она Што е планирано во Буџетот за 2003 година. Во овој правец сакам да го нагласам намалувањето на трошоците во однос на снабдувањето со стоки за 0,3 милијарди денари во однос на она што било предвидено претходно. Ова говорти за политиката на оваа Влада во однос на општите јавни трошоци. Во овој правец влијаеше сигурно и предвидувањето на нови процедури во однос на јавните набавки, процедури кои предвидуваат по строга контрола во врска со јавната потрошувачка. Вкупните приходи се реализирани во еден износ од 0,7 милијарди денари во однос на она што било предвидено со Буџетот за 2003 година. Во овој правец, најзначајни работи се направени во рамките на давачките, каде што посебно би ги нагласил давачките на добивката, што е реализирано со 0,3 милијарди денари повеќе во однос на она што било планирано. Факт кој што говори за подобрување на фискалната политика на економските субјекти, а во овој правец би ги кажал и резултатите на органите на финансиската инспекција и од друга страна реалилзација на царинските приходи, каде што имаме 0,4 милијарди денари зголемување во споредба со она што беше планирано во буџетот за 2003 година, што е несомнено резултат на подобрување на контролата при увоз, како резултат на трошоците и од друга страна поголеми резултати на добивките во прввиот период од годинава, наместо планираниот дефицит од 3,3 милијарди денари, реализиран е суфицит. Треба да се нагласи дека и врз основа на проекцијата и другите трошоци, со ребалансот на Буџетот за 2003 година се предвидува дефицит од 3,4 милијарди денари, што е за 0,7% помал од претходниот проект на дефицит, што сигурно ќе се финансира, како што беше и предвидено, со буџетот за 2003 година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г-динот Ванчо Стаменков.

ВАНЧО СТАМЕНКОВ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Денес на дневен ред го имаме ребалансот на Буџетот за 2003 година и треба да го донесеме по итна постапка. Зошто по итна постапка  само по 4 месеци од

усвојувањето на Буџетот за 2003 година? Дали грешките во планирањето наБуџетот се толку големи што мора по итна постапка денес да го усвоиме овој ребаланс?

Како опозиција контруктивно укажавме и укажувавме во континуитет дека буџетот за 2003 година не е добар. укажувавме и на многу закони кои беа составен дел на Буџетот дека не треба да се донесе дека се погрешни, дека Владата прави грешки, но едноставно нашиот глас не се слушаше и беше запоставено нашето мислење. Еве, сега предлогот за донесување на ребалансот на Буџетот за 2003 година е јасен доказ дека бевме во право и дека Владата си ги направи тие грешки. Посебно укажавме дека порастот на стапката на ДДВ од 5% на 18% за една огромна палета на производи е погрешна работа и дека не е момент такво нешто да се направи во нашата држава, дека Владата ќе згреши, дека со тоа само ќе се зајакне сивата економија, дека сигурно нема да имаме поголем приход на пари, односно внес на пари во Буџетот на државата.

Од првиот пораст на ДДВ произлезе Законот за поттикнување на вработувањето, тн. Бранков закон. Тотално промашена работа, што ја покажуваат и бројките со кои секојдневно можеме да се сретнеме во дневните медиуми, во јавните гласила. Општ заклучок во државата е дека овој закон е промашена работа, она што се планираше не се исполни, дека бројот на вработените за кои слушавме овде во парламентот од г-динот Манасиевски е 20 илјади вработени до нова година, една силна бројка која ни се наметна дека ќе се оствари се сведе на една нормална бројка која и без овој закон  за поттикнување на вработувањето фактички ќе ја имавме во државата. Само што едноставно одлејавме некој износ на средства, кој сега се исплаќа за тие вработени како надомест за придонесите. Сигурно тие работодавци би ги вработиле тие луѓе и без овој закон за поттикнување на вработувањето. Тоа е една огромна штета што се прави во државата, а тие пари ги земаме од некои други граѓани, од други правни и физички лица кои уплатуваат во буџетот и ги даваме на претприемажите да ги трошат. Тоа се работи кои мораме да ги кажеме и мораме да си ги признаеме грешките. Сета онаа заштеда што ја спомнуваше г-динот гошев дека ќе заштедиме многу пари со Буџетот, паѓа во вода само со оваа грешка и со овие пари кои ги одлеавме од државната каса. Значи, со првиот основен дел на Буџетот, покачувањето на ДДВ од 5 на 18%, требаше да обезбедиме околу 2 милијарди денари, средства кои ќе ги искористевме за тие 20 илјади нововработени, за да ги платиме нивните придонеси и едноставно да го

потиикнеме вработувањето и да ја намалиме бројката на невработнеи лица во државата.

Што постигнавме со покачувањето на стапката на ДДВ? Едноставно уште повеќе ги осиромашивме граѓаните на РМ. Знаеме кој е тој што го плаќа ДДВ-то, а тоа е крајниот корисник, граѓаните, оние кои се последните корисници на производите и услугите кои беа опфатени со покачувањето на ДДВ. Сега тие граѓани на РМ плаќаат многу поскапи услуги, еве, се покачи електричната енергија, иако слушавме и во работните тела на Собранието и овде во Собранието, па и изјави за медиумите се даваа дека нема да има покажување, а министерот Гошев мене лично ме убедуваше за седницата на Комисијата за финансирање и буџет дека нема да се покачи цената на електричната енергија. Сепак се покачи и граѓаните го плаќаат тоа покажување на цената на електричната енергија веќе некоку месеци. А, дали ќе има уште некое покажување, бидејќи беше најавено дека кон крајот на годината би требало да има уште едно покачување на цената на електричната енергија.

Значи, барем една работа да се погодеше, ќе речевме ова беше добро кажано, погодено. Испаѓа дека се што ќе се каже се случува обратно. Едноставно, не може една работа да се испланира и да се случи така како што ќе се каже. Значи треба сега ние како луѓе, како граѓани на Република Македонија се што ќе слушнеме посебно од министерот за финанси, а може да се каже и од оваа Влада во целост бидејќи и во другите области имаме такви изјави, се дадоа многу изјави, да земеме дека ќе се случи обратното.

Сега, едноставно имаме целосно осиромашување на населението во Република Македонија. Како доказ дека е така е бидејќи внатрешниот промет во државата на стоки и услуги е стриктно, огромно намален. Намален во огромни рамки, што покажуваат и изворните приходи од ДДВ. Имаме дефицит од 766 милиони денари што сега го предлага Владата со овој ребаланс на Буџетот, со овој дел на приходи, што покажува дека граѓаните на Република Македонија ја имаат намалено потрошувачката. Едноставно не тртошат толку пари колку што трошеле порано. Бидејќи со зголемениот процент на ДДВ би требало да имаме многу големи приходи. Ако потрошувачката, внатрешниот промет останал на истото ниво од порано, тоа е нормална работа.

И во делот на вработувањето имаме нови 10 илјади невработени. Значи, наместо да вработиме 20 илјади лица, односно бројот на невработени го намалиме, ние го зголемивме за нови 10 илјади лица, граѓани. Сега слушаме дека добро се работи ама требало време да се средат работите, да си дојде возот на правиот

колосек. Ако продолжиме по овој прав колосек, верувајте дека нема да има вработени во оваа држава, вака со оваа стапка како што ја засилуваме бројката на невработени. Ако Владата смета дека ова е правиот колосек во оваа држава тогаш или ќе нема граѓани бидејќи сите ќе излезат од неа, ќе бараат некаде подобро место за живеење, или пак сите ќе си седиме дома, па и ние како пратеници бидејќи нема кој да го полни буџетот. Ќе мораме да прекинеме да доаѓаме тука и да држиме седници, бидејќи нема од што да се покриваат трошоците за работа. Така што време е да се смени тој колосек на погрешна политика, посебно во делот на финансиите во државата, во делот на економијата, бидејќи сите гледаат, само изгледа Владата не гледа дека возот е поставен на погрешен колосек.

Инаку, има и други интересни работи во оваа релација што се напишани. На пример, интересно е зголемениот приход од стоковните резеви. За 2,7 милијарди денари се зголемува приходот од стоковните резерви, односно од 1,9 милијарди сега веќе оди приход над 4,6 милијарди денари во стоковни резерви. Значи, Владата има намера планираните 1,9 милијарди денари од продажба на стоки што се во стоковните резерви да ги зголеми на 4,6 милијарди. Едноставно да продаде многу повеќе стока и со тоа да прикаже дека вкупниот приход од Буџетот, односно ќе имаме поголем проектиран буџет од оној што беше предвиден со буџетот некаде во април кога го усвоивме. Значи, ќе имаме зголемување на приходите. Ако овие 2,7 милијарди денари едноставно ги поништиме со расходите, што истовремено се прикажуваат, исто така ќе се набави стока за таа вкупна сума од 4,6 милијарди денари, ќе видиме дека тоа е само еден обрт на пари што ќе се направи, ќе се продаде стока, ќе се купи стока, така што не гледам тука реално нешто да се оствари, некоја разлика во приходите, односно во расходите.

Како бројка е напишана, само незнам која е целта на оваа трансакција што ќе се направи со стоковите резерви и што сака да се направи. Толку голема сума на пари едноставно да се направи трансакција продај-купи сигурно има некоја цел. Но, тао ќе го дознаеме што ќе се прави во тој дел. Така што сметам дека треба ова да се каже, а тоа прашање го поставив и на Комисијата за финансирање, зошто е ова така направено, една таква разлика се прави во парите со ребалансот кај стоковните резерви, но конкретно не ми беше одговорено. Се надевам дека министерот ќе ми одговори зошто е така, бидејќи не беше присутен на Комисијата за финансирање.

Друга интересна работа, тоа што го зборуваше министерот за буџетот дека ќе се штеди во сите министерства. Сега со ребалансот се негира самиот себе си. Едноставно ако погледнеме со ребаланстот ќе видиме дека на сите министерства се

даваат додатна сума на пари која што не е мала и има работи за голема бројка, и е распределена по сите министерства и е сместена во ставките стоки и услуги. Значи да се покриваат трошоците на работењето на министерствата. Значи, сепак ќе се трошат повеќе пари отколку што беше со буџетот, што беше предложен и што се донесе во април месец. Гледаме дека тие ставки се и за телефони и за канцелариски намаштај и едноставно, она што претставува трошок на самото министерство за своето работење, значи сепак нема толку да се штеди во министерствата. Едноставно има видено министерот или под притисок на колегите од Владата дека не можат тие министерства да работат со таа сума на пари што беше издвоена за работењето на министерствата. Може тоа е оправдана сума на пари, значи имале една погрешна претстава во Владата односно погрешно испланирала колку пари и м требаат на министерствата за извршување на својата функција.

Не би сакал многу да зборувам за ставките, каде што една работа е многу важна, што декларативно во изминатите неколку месеци после усвојување на Буџетот се спомнуваше дека Владата ќе се сврти кон капиталните објекти, капиталните инвестиции, дека увидела дека направила грешка и дека ќе мора да инвестира во патишта,во водоводи, канализација, училишта, болници, сето она што претставува капитален објект на државата, дека ќе издвои поголема сума на пари за таа намена. Во буџетот не гледаме такво нешто, во ребалансот. Не гледаме, освен една мала сума пари што е додадена во Бирото за неразвиени, не гледаме некоја поголема инвестиција дека е додадена со ребалансот и едноставно можеме да заклучиме дека оваа година во Македонија нема да има капитални изградби, нема да има капитални инвестиции, нема да има изградба на школи ни реновирање, нема да има изградба на улици и мостови, патишта. Оваа година се што ќе се слее во буџетот Владата ќе потроши за своите потреби. Ништо нема да остане забележано како изградено во оваа 2003 година, како капитален објект. Тоа е така, така што треба да се каже тоа. Можеби министерот ќе негира, ќе каже дека има други пари што до крајот на годината, еве има уште 4 месеци, има време нешто сепак да се издвои за оваа намена, а не е влезено во Буџетот, но ќе се додели од некои други средства што стојат на располагање на Владата и може да ги намени за капитални инвестиции,за капитални објекти, што едноставно неможеме да сметаме на развој на Македонија.

Исто така, тоа постојано го потенцирам дека без капитални инвестиции, без изградба на инфраструктура неможеме да очекуваме развој на државата и на

економски план. Тоа е она што е двигател на развојот на државата. Мора Владата да издвои средства, да ги врати во инфраструктурата, а со тоа и во стопанството што ќе ја раздвижат и вкупната економија во Република Македонија.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господин Сарач.

ГАЈУР САРАЧ:

Господине претседателе, господо претставници на Владата, колеги пратеници,

Денеска пред нас е Предлог за изменување и дополнување по итна постапка на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Буџетот е променлива работа. Зависи од променетите финансиски услови во државата. Затоа почесто, при донесување на буџет, што се прави во почеток на секоја година не може се да се планира околу финансиските текови во годината за која што се донесува. И сосема нормално е, не само кај нас, туку и во многу држави,а посебно ако се тие во транзиција, се прави ребаланс на буџетот.

Причините за ребалансот, како што е кажано во самиот материјал пред нас се:измените во наплатата на приходите, поголема потреба за трансфер на средства за социјални фондови, изменети претпоставки за развој и тн. Тоа доведува до ребаланс на донесениот буџет за 2003 година.

Буџетот влијае директно на  фискалната политика на државата, а фискалната политика има директно влијание врз одржување на макроекономската стабилност на државата. Затоа, за да се намали надворешниот долг на државата треба да се донесе рестриктивен буџет што се изгласа кон крајот на март 2003 година. Одржувањето на макроекономската стабилност, како крајна цел во 2003 година беше планирано да се реализира преку намалување на јавната потрошувачка, намалување на буџетските приходи и намалување на буџетскиот дефицит. Како што реков и на почетокот на мојата дискусија, буџетот е релативна работа и треба да се прилагоди на условите на фискалните односно целокупните економски движења што се случуваат во државата. При планирањето на буџетот, проектирањето, за што се донесува, се планираат очекувањата од финансиските текови и се прави конечна проекција на Буџетот. Но, некогаш има отстапувања од проектираниот буџет, што доведува до интервенција во Буџетот.

За 2003 година, како што стои и во самото образложение, имаме непланирано зголемен износ кај неданочните приходи, а како најголема сума кај овие приходи се

истакнува дивидендата од Телеком од околу 1 милијарда денари од една страна, потоа одредени зголемени расходи што се однесуваат за социјалните фондови од друга страна. И приходите од Телекомот, како и трансферот кон социјалните фондови се утврдени после донесувањето на Буџетот во март оваа година. При вакви промени во монетарниот односно фискалниот живот на државата има потреба да се прави ребаланс на буџетот. Но, при ребалансот исто така се поставуваат цели кон што ќе се стреми ребалансираниот буџет. Главна цел е:

1.Одржување на макроекономската стабилност со намалување на буџетскиот дефицит.

2. Регулирање на небуџетираните приходи и расходи и одредени поместувања на заштедите како нивно лоцирање во други позначајни места.

3. Обезбедување редовно и навремено финансирање на функциите на државата како и исплата на законските и договорените обврски.

Гледано во бројки гледан ребалансот на РМ за 2003 година, вкупните приходи се планирани на износ ос 55,79 милијарди денари што е за околу 560 милини денари повеќе во однос на планираните приходи со Буџетот на Република Македонија за 2003 година. Главна причина за зголемување на вкупните приходи е зголемувањето на неданочните приходи за 1,45 милијарди денари. Во рамки на овие, најглавен дел припаѓа на новоутврдениот приход од Телеком.

Меѓутоа, од друга страна имаме намалување на приходите и тоа најмногу кај ДДВ. Приходите од овој данок се планирани на посниско ниво од веќе буџетираното за околу 790 милиони денари, со цел поинтензивно рефундирање на ДДВ на даночните обврзници што потекнува од година-две наназад.

Имаме некои мали намалувања кај персоналниот данок. Но, најважно е да се спомне дека имаме зголемување на приходите во Предлогот на ребалансот на Буџетот на РМ за 2003 година од неданочни приходи. Што значи не ќе има зголемување на даночниот, туку обратно имаме намалување поради рефундирање односно враќање на ДДВ на даночните обврзници, стопанствениците. Измената, односно ребалансот на расходната страна на Буџетот доаѓа пред се заради задоволување на трансферите кон Фондот за ПИОМ, Фондот за здравство, Заводот за вработување и други поместувања од една во друга ставка.

Фондот за ПИОМ ќе повлече одредени средства од Буџетот на РМ поради редовна исплата на пензиите. Исто така, Фондот за здравствено осигурување ќе треба да има трансфер на средства поради навремено финансирање на услугите во здравството. Заводот за вработување ќе повлече одредени средства од Буџетот

поради редовна исплата на средства за надоместок од невработеност. Има и некои поместувања од една во друга ставка како резулатат од тоа што во една ставка се јавуваат вишоци, а во друга недостатоци, па меѓусебно се компензираат.

Од гледна точка на предложениот ребаланс на Буџетот, од дефицитот, овде се појавува намалување за околу 0,2% или 700 милиони денари. Значи, буџетскиот дефицит, со проектираниот и усвоен буџет во 2003 година изнесува 1,6 од бруто домашниот производ, со тоа што сега се предлага на 1,4% од БДП, или 3,4 милијарди денари, односно 700 милиони денари помал дефицит од сегашниот. Овој предложен ребаланс на Буџетот на РМ, ако се прифати, ќе оствари неколку значајни работи:

Од една страна ќе се рефундираат средства од ДДВ кон даночните обврзници, значи повеќе средства ќе останат на стопанството;

Ќе се задоволат потребите на Фондот за ПИОМ а што се однесува за пензиите;

Ќе се задоволат потребите на невработените лица;

Ќе се задоволат потребите на Фондот за здравство поради непреченост на здравствените услуги и како најважна работа

Ќе се намали дефицитот на Буџетот за околу 700 милиони денари.

Благодарам господине претседателе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Објавувам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот).

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор пратеникот Славе Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседателе, претставници на Владата, колеги пратеници,

Јас по принцип настапувам по точката на дневниот ред, но би сакал нактракто да образложам една теза денес што провејуваше тука, искажана од пратеникот на ВМРО-ДПМНЕ, господинот Марјан Ѓорчев, веројатно можеби теза и на самата пратеничка група, или не. Тезата одеше во правец дека на нашата земја, заправо, не и треба ММФ, Светската банка и тн. Веројатно таквите пораки биле и минатата година кога во јуни месец се прекинаа преговорите со ММФ.

Лично сметам дека ММФ и другите светски финансиски институции и се потребни на нашата земја за излез од кризата и се разбира, тоа е знак дека може да инвестираат и кај нас. Мислам такви тези не требаат. Добро би било кога би понудиле некои алтернативи. Не верувам дека алтернативата е Тајван или некоја друга земја која беше застапена во нивното владеење. Но, сепак да се вратиме на она што е денес на дневен ред а тоа е ребалансот на Буџетот.

Значи, по втор пат ние пратениците оваа година дискутираме за најважниот документ што го носиме како Парламент, а тоа е Буџетот, во конкретниов случај за ребалансот на Буџетот. Лично да ви кажам и очекував дека ќе има ребаланс на Буџетот оваа година, имајќи ги предвид, пред се состојбите пред да се донесе овој Буџет кој го донесовме во март оваа година.

Јас и кога дискутирав, пред да го донесеме овој Буџет во месец март, недвосмислено истакнав дека оваа година треба да биде, пред се, стабилицзирачка година, овој Буџет треба да биде стабилизирачки, тргнувајќи од фактот што минатата година, сите знаете, кога расправавме за ребалансот на минатогодишниот Буџет, некаде во месец декември, се констатираа огромни дубиози во истиот односно висок дефицит, огромна јавна потрошувачка во минатата година, пад на бруто општествениот производ, што мора да се истакне дека таквите состојби мора да имаат и имаат големо влијание врз конципирањето на овогодишниот Буџет.

За мене е од првостепено значење, кога го разгледував предложениот ребаланс, беше прашањето дали предвидените основни цели проектирани во Буџетот за 2003 година, целите на фискалната и монетарната политика, понатаму како што се, растот на бруто општествениот производ од околу 3% стапката на ифлација исто така околу 3%, девизните резерви на ниво на околу 4- месечен увоз, дефицит во висина од околу 1,6%. Со предложениот ребаланс ќе се придонесе за нивно пореметување во негативна смисла, или пак не, а со овој ребаланс, всушност овие главни цели не се пореметуваат, остануваат исти, со тенденција за нивно подобрување, што во крајна линија ќе придонесе за целосно остварување на предвидената макроекономска политика и се разбира макроекономската стабилност во нашата земја. Значи, како што претходно истакнав, гореспоменатото за мене е од првостепено значење и сметам дека истото до крајот на годината во целост ќе се реализира, што ќе даде добри основи за наредниот Буџет да се конципира така да даде една порелаксирана атмосфера во целокупниот развој на Република Македонија.

Сега во кратки црти би се осврнал и на предложениот ребаланс, повеќе од бројчан аспект, пред се во приходниот односно расходниот дел.

Непобитен е фактот дека во делот на приходите, како даночните така и неданочните, во изминатиот период истите, може да се рече дека се остварени со соодветни отстапки, како што истакнаа и претходните дискутанти, како што беа некои отстапувања во врска со персоналниот данок и акцизите и во потполност, можеби во делот на акцизите се прифаќаат образложенијата што ги има дадено Владата, односно соодветното министерство.

Овде би сакал да истакнам дека, според мен, постои простор за уште поефикасно прибирање на даночните приходи односно непобитен е фактот дека, сепак, сеуште постои таканаречена сива економија, не само на просторите од каде што јас доаѓам односно во западниот дел на Македонија, можеби таму е поистакнато, туку и во целата наша земја оваа појава е присутна, можеби не во размери како што беше минатите години и неопходно е во тој правец да се преземат подрастични мерки во тој дел. Дел се презедоа во овој период со донесување на соодветни закони, како што беше Законот за безготовинско плаќање. Понатаму треба брза и ефикасна фискализација, се разбира на целокупниот промет што се врши. Понатаму, мора да се преземат соодветни мерки во правец на што поуспешно и побрзо профункционирање на финансиската полиција што ќе придонесат, се разбира, овие приходи да се собираат на начин како што се собираат, се разбира и во многу поразвиени земји.

Неслучајно ова го истакнувам дека, ако се воспостави еден ред во прибирање на даночните приходи односно сите даночни обврзници да ги плаќаат сите, ќе се создадат неопходни можности, наредниот период да имаме и смалување на соодветните даночни стапки, што од друга страна ќе придонесе во реализација на други капитални инвестиции што во овој Буџет, можеби не се застапени така како што се застапени. Сигурно овој процес е тежок, но мора да се издржи и во овој правец да се воспостави соодветен ред и дисциплина на сите даночни обврзници, во правец на плаќање на обврските спрема државата.

Во расходниот дел, јасно беше, кога го носевме Буџетот дека мора конечно да се стави ред на јавната потрошувачка. Она што се случи во минатата година, не личи, се разбира тоа беше еден вид финансиска хаварија, по однос на таа јавна потрочшувачка, нормално, можеби, беше изборна 2002 година но не смее да ни се повтори 2002 година. Оваа година е година на штедење, на санирање на последиците од минатата година, бидејќи според сите кажувања од надлжните

институции, доста обврски се наследени од минатата година, кои мора да се исплаќаат оваа година.

Добро е, расходите за плати во овој период се намалени скоро за повеќе од 400 милиони денари. Не верувам  во некоја земја каде 40% средствата од истиот одат на плати. Не верувам да има таков буџет. Со тоа ние не можеме да бараме некоја развојна компонента. Тоа е резултат, вие сите знаете, ние сме дискутирале повеќе пати, е резултат на невидените вработувања што се извршија во овој минат период во јавниот сектор, над 40 илјади вработувања, што сега мора да се финансираат. Ако тој процент остане на 40%, сметајте дека во иднина не можеме да сметаме на некоја развојна компонента во самиот буџет. Затоа недвосмислено мораме да ја поддржиме што побргу, започнатата реформа во јавната администрација, намалување на бројот на вработените, преголема е, сите знаеме. Ме чудеше денес во дискусиите од опозицијата кога истакнаа дека не треба да има намалување на истите вработувања, од една страна, а од друга страна констатираат дека не може стопанството со 170 илјади директно вклучени во самото стопанство, во производните процеси, да се исфинансира така огромна јавна администрација, пензионерите и тн. Значи тој процес е тежок и болен, но мора да се спроведе, од аспект, се разбира да имаме позитивни резултати и да конципираме буџет таков каков што и е потребен на нашата земја.

Во делот на капиталните расходи, можеби имам одредени забелешки и сметам дека истите би требало да се остварат со еден повисок процент.

Јас кога дискутирав, кога го носевме овој буџет, истакнав дека средствата за капитални инвестиции можеби не се доволно застапени, но тоа е токму резултат на она претходно што зборував. Неминовно мора таа развојна компонента и тој процент на учество за капитални инвестиции, 12% е застапен, кога имаме 40% за плати. Но и тие средства можеле во тој процент повеќе да се остварат. Држи образложението што е дадено, се доцни со носењето на Буџетот, се доцнеше и со носењето на програмите на соодветните институции каде што имаме капитални вложувања. Добро е што се регулира постапката на јавните набавки, транспарентноста, па во овој нареден период веројатно ќе се постигнат соодветни капитални вложувања кои се предвидени како капитални трошоци во самиот Буџет. Мора во наредниот период во тој правец да се искаже поголема активност и истите навреме да се реализираат.

Би кажал неколку зборови, можеби некој не го истакна, а тоа во позитивна смисла може да се истакне. Имено на Комисијата за финансирање и биџет настана

една недоумица во делот на ДДВ и отстапувањето што беше некаде 790 милијарди денари. Фактички ДДВ е остварено со оној процент што е предвиден. Но, во овој период од воведувањето на ДДВ треба да сфатиме, а во секојдневните контакти со стопанските субјекти секогаш се жалеа на повраток на ДДВ. Откако е воведено ДДВ во 2000, 2001 и 2002 година, веројатно и 2003 година, наталожени се обврски по однос на повраток на ДДВ. Мора не само да се зема од стопанските субјекти, она што им следува да се врати во една нормална процедура, на време. Во крајна линија тоа се нивни средства. Во овој дел соодветните институции, се разбира Управата за јавни приходи, Министерството за финансии добро постапиле и верувам дека стопанските субјекти во разговорите со претставниците од истите се задоволни на начинот сега како се остварува истиот повраток.

По однос на средствата од ТЕЛЕКОМ проектите, никој ништо не истакна,предвидени за реализација во оваа година за ТЕЛЕКОМ проекти. Искрено да ви кажам, тука имам воздржан став. Не воздржан став дека не се потребни ТЕЛЕКОМ проекти, да се разбереме односно да се потрошат средства бидејќи припаѓаат во инвестиционата сфера, туку имам воздржан став од аспект што сметам дека во минатата година огромни средства се потрошени за ТЕЛЕКОМ проекти,. Не што се потрошени, но прашањето е дали истите се реализирани. Тоа е едно болно прашање што очекувам веројатно во наредниот период една поширока информација во тој правец. Сигурно надлежните институции ќе извршат соодветна ревизија.

Ако вие видите во самиот извештај, ќе забележите дека минатата година се исплатени некаде околу 150 милиони марки за ТЕЛЕКОМ проекти. Јас тогаш продискутирав за еден проект што беше реализиран во општина во Самоков, за еден водовод каде беа исплатени 800 илјади марки а работите во декември месец не беа извршени ниту 10%, што ми дава сомнеж дека тука нешто не е чисто. Додека таа проблематика не се расчисти и она што претходно истакнав дека во делот на регулирањето на јавните набавки и транспарентноста, мора да се придонесе да се регулира оваа сфера. Можеби перењето на парите токму отиде преку овие ТЕЛЕКОМ проекти, за да не дојдеме во ситуација, го продадовме ТЕЛЕКОМ, парите се потрошија но за возврат ништо не направиме. Една катастрофална состојба што може, се разбира да ни се случи.

Со Предлог-ребалансот, како што на почетокот истакнав дека основните цели остануваат исти, тоа се глобални цели, нема да се занимаваме со прашањето еден милион денари се потрошиле повеќе или помалку. Многу е битно прашањето, тие цели што сакаме да ги постигнеме како столб Буџетот, се разбира на целокупната

активност и живеење во нашата земја. Јас верувам и очекувам дека нема да има некои поголеми тектонски пореметувања до крајот на годината и очекувам дека во наредната година ќе имаме една порелаксирана атмосфера во конципирање на еден нов буџет кој ќе има и повеќе развоен карактер, повеќе оној трошковен дел да се намали и ние, се разбира како пратеничка група на СДСМ ќе го поддржиме со соодветните наши забелешки во овој ребаланс на Буџет и ќе гласаме за истиот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Исмет Рамадани.

ИСМЕТ РАМАДАНИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги, претставници на Владата,

Знам дека не можам да дадам голем придонес, што можам да изменам од она што дојде како Предлог на Буџетот, односно ребалансот, се разбира гледајќи ги бројќите и можноста за финансирање на институциите и на се она што е во рамките на она што е секојдневие. За жал, треба да констатирам дека и понатаму во нашава држава еден голем износ од Буџетот и со ребалансот оди за одбрана и заштита, односно за МВР и Министерството за одбрана. Но, за жал треба да констатирам дека самиот факт што живееме во едно време и една состојба кога речиси секојдневно констатираме дека тешко ни оди стабилноста, тогаш сите овие реформи кои се предвидуваат во овие две министерства на еден начин трошат многу средства од Буџетот. И понатаму би сакал овој процент во овие две министерства да се намали за сметка на Министерството за образование, за култура, за здравство, за економски развој, за инвестиции. Но, за жал, гледајќи ги и споредувајќи ги сите овие бројки и податоци не можам да дојдам до некоја констатација дека во тој правец се прави некоја измена, позитивна измена.

Ме радува фактот што во Министерството за образование со ребалансот има едно зголемување, што се однесува до средствата предвидени за сите области во тој правец. Но ако сето ова зголемување го споредиме со состојбите во училиштата, основните, средните и во високото образование, верувајте дека ова е само една бројка, или зголемување колку за да се рече, еве во тој правец нешто е изменето, затоа што, се разбира има и капитални објекти. Овде има и објекти во изградба. Но, треба да констатираме дека состојбата во училиштата односно во образованието и понатаму ни е многу лоша. Фрапантно и болно е кога слушаме од еден директор на училиште, еден случај во Училиштето Лирија каде се вели дека за одржување на

училиштетот во текот на една година од Министерството за образование се доделуваат 400 или 500 евра. Кога ги гледаме тие училишта како опстојуваат во она што значи одржување, како стои работата со платите на наставниците, на професорите, тогаш и понатаму, за жал констатацијата е дека нема да се направи некоја радикална измена. Таква е состојбата и во здравството.

Исто така ме загрижува уште еден друг факт, но ако се постави како реално барање, било со амандман, или со нешто друго, незнам како ќе го пречекам одговорот, бидејќи знам дека одговорот ќе биде, да не речам, негативен, но нема да ме убеди ниту мене ниту оние што јас ги претставувам овде.

Овде го поставувам прашањето и проблемот, во Буџетот од 2001 година, од средствата на ТЕЛЕКОМ од водоводот во ... од 1 милион и 500 илјади марки земени се 473 илјади марки  и никогаш не им се вратени, ниту со Буџетот од 2002 година, ниту со ребалансот. Овие средства некаде се изгубија. Тогашната Влада ги зеде и даде објаснување дека ги има потрошено за вооружениот конфлит. Но, после тие средства се изгубија.

Кога јас ќе му реам на министерот Гошев, кога ќе ни ги вратиш и каде ќе ги најдеш тие 470 илјади марки односно 200 и неколку илјади евра, тој сигурно ќе ги крене рамениците и ќе ми даде некое објаснување со кое јас никогаш не можам да се согласам.

Зошто го велам ова? Затоа што како пратеник од оваа област каде трпението го изгубив, што се однесува до проблемот на водоводната мрежа и да ви кажам право многу подобро досега ме разбраа неколку невладини организации и средствата што ни ги дадоа странските организации, одошто самата наша Влада. Само да ви го кажам изност. Ни се поделени околу 500 илјади евра , од КАРЦ програмата. Но, кога конкурираме за да ги земеме овие средства, ние нив им рековме дека со овие средства и со средствата што очекуваме да ни се вратат земени од Телекомот, ќе го ја завршиме конструкцијата односно проектот на водоснабдување. Сега веќе овие средства не фигурираат ниту во ребалансот.  И сега ние ќе имаме проблеми.  основно образование очекувам да имаме проблеми и со самиот програм КАРЦ, кој ни овозможи да го завршиме овој проект. Некогаш земавме повеќе  од 500 илјади марки од МЦМС, значи, македонскиот центар.  И сега, јас го гледам овој Буџет, го разгледувам овој Буџет , овој ребаланс и не можам да донесам заклучок, дека овде некаде се  дава надеж, некоја  поблиска надеж дека може еден проект да се заврши со самиот факт дека овие средства, кои еднашка ни се поделени, а потоа изгубени и на ниеден начин не се наоѓа формата за да се

вратат. Затоа мојата определба за да гласам или да не гласам за овој Буџет. Јас барам извинување, можеби некој ќе рече дека го ставив проблемот во рамките на она што е локализам, Како не ме интересира и за другите , но принуден сум овој пат вака да гласам , но навистина и јас како пратеник, но и како подрачје за кое и понатаму констатираме дека е кризно подрачне, не можеме никао да заклучиме еден проект за кого се надевавме дека еве со овој ребаланс или со овие средства кои сме ги имале, ни се земени и сега нема кој да ни ги врати. Ви благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Госпоѓа Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господине претседателе, колешки и колеги пратеници,

Дозволете накратко да изнесам свои видувања, околу предлогот за дополнување и изменвуање на Буџетот.

Прво да кажам дека јас лично ребалансот го очекував подоцна, некаде кон крајот на октомври или ноември месец, а ребаланс во септември секако не очекував и тоа по итна постапка. Незнам што ја наведе Владата толку итно да прави ребаланс. Ваквата итност ме натера со внимание да го разгледам предлогот и да видам од кои причини Владата по оваа итна постака и многу порано од очекуваното предлага изменвуање и дополнување на Буџетот за 2003 година.

Буџетот за 2003 година беше донесен, пред се, со доцнење, односно некаде во март месец, поради добро познати причини, за кои сега не би сакала да говорам.

Владата тогаш долго не убедуваше како се работи за добро проектиран Буџет, речиси идеален во склоп на можностите финансиски се разбира, и реалните потреби на буџетските корисници, без многу можности за големи трошења, што би се рекло рестриктивен . И тогаш Владата не убеди , барем парламентарното мнозинство го убеди дека тоа е идеално решение и е проектирано онакако како што треба со нагласена рестриктивност, развоен буџет , и уште што не. Меѓутоа, сега кога го видов предлогот за изменвуање и дополнување на Буџетот, веднаш ми станува јасно дека планирањето на Буџетот било лошо, па затоа, толку брзо и по итна постапка се прави негов ребаланс. Што значи, падна во вода убедувањето на Владата дека се добро испланирала и испроектирала. Исто така не држи ни тоа што постојано не потсетува дека Владата ревносно штеди, бидејќи очигледно , барем

бројките така зборуваат, дека не е тоа така, а доказ за тоа е овој брзоплет ребаланс што го предлага сега Владата.

Морам да кажам дека причинит екои Владата ги наведува во образложението зошто се одлучува за ребаланс се реални, меѓутоа, сите трансфери се насочени кон социјалната сфера, што укажува на фактот дека ќе ја загубиме и онака малата развојна компонента на Буџетот која ја имавме и досега.

При донесување на Буџетот опозицијата тврдеше дека се работи за Буџет со многу слаба развојна компонента и Буџет во кој поголемито дле од средствата се трошат на социјалната сфера. Владата не убедуваше дека не е тоа така, меѓутоа, овие трансфери што сега се предлагаат и се насочуваат исклучиво во социјалната сфера, потврдуваат дека нашите проценки биле сосема точни. Вака проектиранито Буџет не е добар за државата бидејки навистина е потребно да се решаваат сите социјални пробелми во социјална сфера, но изостанувањето на развојната компонента ќе не доведе во уште поголема летаргија, односно ќе ја доведе државата во погоема летаргија и социјалните проблеми наместо да опаaат, тие ќе растат. Само со насочување на средства во социјалата, т.е. да се решат причините поради кои настануваат проблемите во социјалната сфера, не можат да не водат напред.

Во образложението на Владата стои дека како најважни односно наведува неколку најважни трансфери кои ги прави сега со ребалансот. Прво до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, заради редовни исплати на пензии, така вели Владата треба да се зголемат средствата за 0,4 милијарди денари. Овде посебно мене ме интересира дали во вооj ребаланс Владата , односно во вој трансфер на средства  до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување, Владата ги зела превид и средствата кои ќе треба да ги потроши за исплата на разликата на пензиите, на оние осигуреници кои беа пензионирани наназад со аконтативни пензии, односно со времени решенија , бидејки имам сигурни сознанија дека од неодамна е устроена матичната евиденција во Фондот за овие осигуреници и ќе почне нивно претпензионирање  па од Буџетот не можев да видам, односно од ребалансот дали за разликите  на исплата на овие пензии веќе се проектирани средства со овој трансфер што се предлага.

Понатаму, слушам дека се предлага плаќање на рати на останатите  ПИО доприноси на оние корисници кои досега не ги намириле ПИО придоносите, односно доцнат во исплатата. Јас овдека не очекувам некакви незнам какви спектакуларни резултати и прибирање на средства, затоа што ова е веќе видена работа, успехот

беше многу мал, затоа што оној кој што не може да ги плати редовните рати, не може ни заостанатите да ги плати, така да не верувам дека по овој основ ќе се приберат некои средства во Фондот и незнам колку Владата смета на колкава сума средства овдека ќе се зголеми Фондот за ПИО.

Трансферот во Заводот за вработување образложувате господа од Владата, треба да се зголеми за 0,23 милијарди денари, заради редовна исплата на надоместоци на невработени.

Овде навистина сум во голема дилема. Дали лошо сте ги испланирале средствата кои му се потребни на Заводот, или пак ни се зголемув абројот на невработени кои се пријавуваат на заводите како невработени и кои нормално бараат надомест.

Ако сте испланирале лошо и можам да прифатам и да се согласам да гласам за ребалансот. меѓутоа, се плашам дека вистината е друга. А вистината е тоа што нам ни расте бројто на невработени лица, поради се поголем број н аотпуштање од различни сфери и поради не давање речиси никакви резултати на Бранковиот Закон, па со то ани се зголемуваат потребите од средства за исплата на надоместоци на лицата кои остануваат без работа.

Понатаму, трансфер од 0,17 милијарди денари за рефундирање на ДДВ. Јас незнам колку било испланирано рефундирањето на ДДВ-то и дали воопшто е рефундирано ДДВ-то досега , меѓутоа , кога сме кај ДДВ-то мене нешто друго ме интересира. Анализирајки некои работи дојдов до заклучок дека и покрај незначително зголемвуање на вкупниот приход по основ на ДДВ, некаде околу 500 милиони денари, сепак би рекола дека приходите кои се собираат од ДДВ-то опаѓаат. Зошто мислам така? И покрај зголемвуањето на ДДВ-то од овластената 5% на 18% на поголем број производи , приходите опаѓаат, бидејки не даваат прибирање на поголеми средства од очекуваното. Или се работи за слаба наплата на ДДВ, слабо прибирање на ДДВ-то, или кај нас се намалува производството , па според тоа имаме и помалку прибирање на средства од ДДВ-то. Значи овде и во оваа сфера нам работите не ни одат како што треба.

Нешто што посебно ме загрижуваше кога го разгледував Предлогот за ребаланс, трансферот на средства до Фондот за здравство, не затоа што не му се потребни средства на Фондот за здравство, туку му се и преку потребни, тоа сите го знаеме меѓутоа му се намалуваат на Фондот за патишта,односно од Фондот за патишта се префрлуваат во Фондот за здравство. Посебно ако знаеме дека каква ни е состојбата на патиштата во Македонија, посебно Источниот дел на Македонија за

кои што на минатата седница расправавме, во каква катастрофална состојба се наоѓаат и со тоа му скратуваме дел од средствата на Фондот за патишта, барем минимум, односно некој километар патишта да се направи во Македонија, поготово во Источниот дел.

Од ова се што го кажав, јасно е дека нема никаква развојна компонента во вooј ребаланс , односно намалување и на онаа малата што ја имавме. Сега уШте нешто би кажала. основно образование чекував во овој ребаланс дел од средствата ќе се одвојат за системто за водоснабдување Злетовица, кој што на градовите Штип, Пробиштип, Свети Николе и Кратово ќе треба да им обезбеди питка вода , меѓутоа, и со овој ребаланс ниту денар не е предвидено за овој систем.

Тоа би биле воглавно некои мои забелешки околу Предлогот за ребаланс, меѓутоа и од ова малку што го изнесов , мислам дека и ребалансот е лошо проектиран исто така, како што лошо беше проектиран и Буџетот за 2003 година.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор господинот Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Почитуван господине претседателе, почитувнаи колеги пратеници,

Ребалансот што ни се предлага на оваа седница на Буџетот на Република Македонија за 2003 година, после само 5 месеци пред неговото донесување , од првичното негово гледање се гледа дека една од основнит епричини за овој ребаланс е тоа што во расходниот дле на Буџетот во текот на првите 6 месеци имаме нерамномерно, по динамика на повлеквуање на средствата , не рамномерно повлекување и ситуација каде што во расходниот дел не се повлечени доволно средства, односно оние средства кои што се предвидени во проекцијата за тие први 6 месеци, така да, после согледувањата последни , а и со новото предвидено зголемвуање на приходите и тоа од неданочните приходи за некаде милијарда и 500 милиони денари, оценката, веројатно на ММФ е да не се во второто шестомесечие во 2003 година д ане се предизвика притисок на инфлационата стапка со зголемување на потрошувачката која што ќе ја предизвика, односно стимулира позабрзано повлеквуање на средства од Буџетот. Тоа е мислам главната причина и како резултат на тоа е намалувањето на дефицитот од 1,6 на 1,4% од бруто домашниот производ, кое што претходно беше договорено со последната мисија на ММФ.

Ако го погледнеме приходниот дел на ребалансот, како што претходно кажав зголемвуањето на приходите за 560 милиони денари, пред се, се должи на зголемвуањето на не даночните приходи односно тоа е резултат на добивање на дивидендата од Телеком.

Со ова, во износ од 18 милиони долари, нешто над милијарда денари, так ада со овој договор што Владата го направи со Телеком, за да ја добие дивидендата, Телеком ги остави високите цени на услугите, кои што по општа оценка на јавноста беа повисоки и практично цената на ова зголемвуање ќе ја плаќаат граѓаните. Но намалувањето на проектираните приходи од ДДВ за 790 милиони денари може да помине објаснувањето дека тоа е резултат на по забрзан повраток на уплатениот ДДВ од страна на стопанскит епретпријатија, меѓутоа, факт е дека таа динамика и тоа враќање на уплатените средства на ДДВ од стран ана Управата за јавни приходи , веројатно во првите 6 месеци од годината не е правено доволно ажурно и затоа имаме ситуација каде Што навистина, тоа повлекување треба д аоди со позабрзано темпо.

Меѓутоа , самото објаснување не е добволно, затоа што она што загрижува е дека намалувањето на приходите во неколку ставки кажува за една состојба тлеачка во македонската економија, каде што приходите на ДДВ се намалени , исто така приходит еод персоналнито данок на ДДВ се намалени и не е само проекцијата нивна намалена, туку и фактичко намалување на приходите на ДДВ имаме , затоа што во споредба со август 2002, август 2003 година приходите од ДДВ се за 13% пониски , покрај зголемвуањето на цела палета на производи од повластена даночна стапка во нормална.

Исто така,намалувањето на проектираните приходи на акцизите за 799 милиони денари е еден податок кој исто така загрижува и практично отсликува една состојба која што и покрај засилените наводно напори покажува дека или имаме намалување на прометот на акцизните производи, или зголемвуање на акцизите на тие производи.

Самото намалување на овие два вида на приходи во Буџетот исто така покажува односно може да е резултат на зголемување на сивата економија и мислам дека во тој дел и намалувањето на приходите од персоналниот данок од доход е индикативно што практично ја отсликува состојбата во стопанството односно претпријатијата во Република Македонија во изминатите шест до седум месеци каде практично имаме една целосна блокада на меѓусебните плаќања и една масовна несолветност на фирмите и претпријатијата.

Што се однесува до расходите, јас очекував во овој дел онаа развојна компонента која Буџетот при неговото донесување иако беше објаснето дека не може да ја има ил не во толкава мера колкава очекувавме и баравме дека со овој ребаланс ќе се регулира, меѓутоа, за жал, имаме уште поголемо намалување во тој дел, намалување на капиталните расходи за 106 милиони денари, што и за онака заостанатата македонска економија негативно ќе се одрази ќе се прекине и онака слабиот инвестиционен циклус и ќе имаме една ситуација уште полоша или подраматична од сегашната.

Неколку позиции ставки и потставки во расходниот дел се индикативни и покажуваат нерализација на дел или на комплетни владини заложби кои беа дел и од владината програма за оваа година како што е намалување на програмата за поттикнување на новите вработувања и имаме едно зголемување на позицијата за структурни реформи за која се повлекуваат средства од буџетот, зголемени средства за кои верувам дека можело и сеуште може да се изнајде начин затоа што Меѓународниот монетарен фонд и Светската банка и други меѓународни институции кога за нешто овозможуваат или грантови или неповратни средства и поволни кредити тоа е за поттикнување на структурните реформи.

Останатите ставки и потставки во расходниот дел би требало да биде предмет на амандманска расправа и за тоа имам поднесено неколку амандмани само би набележал неколку кои се индикативни и за кои би требало да се има слух. Еден од тие амандмани е расходите за пописот за 35 милиони денари во една ситуација каде во јавноста со одредени изјави се исполитизира самата завршница на пописот и не би било добро да дојдеме во ситуација да имаме изјаснување од типот дека заради недостиг на средства пописот односно резултатите доцнат.

Исто така намалувањето на трошоците за надомест за превоз до работното место она што претходните дискутанти го кажаа воопшто не се предвидува надомест за годишни одмори или популарно наречено К-15 и како резултат на зголемувањето на цената на струјата, буџетот дополнително ќе биде оптоварен за 16 милиони денари трошоци за струја. Се на се, она што како развојна компонента го очекувавме барем да се корегира со овој ребаланс не го добивме, напротив, таа развојна  компонента уште подрастично е намалена, сите трансфери или најголемиот дел од нив се практично во социјалата и околу неа и сметам дека ваквиот ребаланс на буџетот повратно повторно ќе реперкуира негативни последици во делот на прибирање на изворните приходи на средствата од буџетот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Нема повеќе пријавени.

Го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот за 2003 година.

Ги молам пратениците да влезат во салата, ќе почнеме со гласање по амандманите.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на раздел 1502о програма 11 ставка 441, потставка 441411 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 за додавање нова потставка 443423 со потставката 443421 и на Буџетот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија ставка 741 поставка 741112 трансфери од Буџетот на Република Македонија и на ставка 712 потставка 712113 и тој е составен дел на текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Законодавно правната комисија поднесе амандман на член 1 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Хисни Шаќири и Аднан Јашари поднесоа амандман на радел 14001 програма 11 ставка 443, потставка 443713 и на ставка 443 потставка 443721, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Марјан Ѓорчев поднесе амандмани на раздел 14001 и програма 11 ставка 443 потставка 443719 и на раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467121 и на раздел 14001 програма 11 ставка 443 потставка 443721 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443717, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Џевдет Насуфи и Замир Дика поднесоа амандмани на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443 717 и за додавање нова потставка по потставката 443818 и на раздел 16001 програма 14 категорија 40, раздел 16001 програма 14 ставка 467 потставка 467115 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443717, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандман на раздел 16001 програма 17 ставка 442 потставка 442 118 и на раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467121 по кои Владата исто така не се произнела.

Пратеничката Марија Којзеклиска поднесе амандмани на раздел 05001 програма 12 ставка 401 потставка 401112, на раздел 09002 програма 12 ставка 427

потставка 427112, раздел 07001 програма 12 ставка 401 потставка 401112 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119, раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427113, на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119, раздел 10001 програма 12 ставка 443 потставка 443822, на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, на раздел 16001 програма 16 ставка 441 потставка 441512, на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427122 и на раздел 16001 програма 16 ставка 441 потставка 441311 и на раздел 09002 ставка 427 потставка 427122, по кои Владата не се произнела.

Ова се амандмани кои ги добиваме во текот на расправата.

Пратеникот Спиро Мавровски поднесе амандмани на раздел 19101 програма 11 ставка 426 потставка 426712 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427122, раздел 19201 програма 12 ставка 443 потставка 443611 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119, раздел 16001 програма 17 ставка 442 потставка 442117, раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119, раздел 16001 програма 17 ставка 442 потставка 442118 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 поставка 427119, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Китановски Илија поднесе амандмани на раздел 10001 програма 16 ставка 443 потставка 443819, на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, раздел 22001 програма 12 ставка 427 потставкас 427113, раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119, на раздел 15010 програма 11 ставка 443, потставка 443411 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119, на раздел 16001 програма 12 ставка 443, потставка 443514, раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427122, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Блаже Стојаноски поднесе амандмани на раздел 16001 програма 14 ставка 443 потставка 443714, на раздел 09002 програма 12, ставка 428 потставка 428112, раздел 18010 програма 12 ставка 443, потставка 443612, на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, раздел 19001 програма 11 ставка 441 потставка 441312 и на раздел 09002 програма 12001 ставка 427 потставка 427112, раздел 19 програма 11 ставка 441 потставка 441318 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427122, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Жарко Караџоски поднесе амандмани на раздел 1601 програма 13 ставка 443, потставка 443514, на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427122, раздел 16001 програма 13 ставка 443, потставка 443512, на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119, раздел 1601 програма 14 ставка 427 потставка 427116, и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка

427119 и на раздел 16001 програма 14 ставка 443 потставка 443512, раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманите.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 1, поднесен од Законодавно правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Гошев.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и тој е составен дел на предлогот буџетот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 програма 11 ставка 443 потставка 443713 и на ставка 443 потставка 443721 поднесен од пратениците Хисни Шаќири и Аднан Јашари.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

Господин Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Господин Шаќири.

ХИСНИ ШАЌИРИ:

Амандманот го повлекуваме.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Го повлековте амандманот.

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 програма 11 ставка 443 потставка 443719 и на раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467121, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали друг бара збор?

Никој не бара збор. Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 53 пратеници и во салата има мнозинство, поголемо од 61. За гласале 7 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот

Отворам претрес по амандманот на раздел 14001 програма 11 ставка 443 потставка 443721 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443717, поднесен од пратеникот Марјан Ѓорчев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали друг бара збор?

Никој не бара збор. Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници.

За гласале 11.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443717 и за додавање нова потставка по потставката 443818, поднесен од пратениците Џевдет Насуфи и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Господин Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Не се прифаќа.

Дали друг бара збор?

Господин Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Не случајно ние го повторивме амандманот за усвојувањето на Буџетот. Причината е уште појака за моментов кога имаме информација дека Владата на Република Македонија има донесено одлука за финансирање на еден универзитет на албански јазик. Ако се земат финансиските параметри од ребалансот, објективно нема можност да се реализира една таква одлука, затоа што ако е за да се верува на информацијата дека еден и пол милион или околу еден милион и 600 илјади евра се за основањето или функционирањето на оваа висока научна институција, ова е недоволно и не може да се реализира ова објективно.

Ова е што се однесува до високото образование, до амандманот.

Првиот амандман се однесува за интегрирањето на албанците во јавната администрација. Ако Владата ја има усвоено Програмата, која за жал немаме временска динамика, немаме финансиски средства, мислам дека е потребно Владата во овој случај да ја изрази реалната желба преку поделбата на средствата, заради што предложивме да се усвои овој амандман. Затоа инсистирам повторно да бидеме внимателни затоа што се однесува за една чувствителна област, како што е интегрирањето во системот и институциите, за да не дојдеме во состојба да разговараме за теми кои можат да бидат консеквенции за една таква неодговорност.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Адеми.

АДЕМИ:

Ја поздравувам ангажираноста на опозицијата, во овој случај на албанската опозиција за финансирање на високото образование на албански јазик, меѓутоа во овој случај сакам да потсетам дека ние сериозно сме се ангажирале за

решавање на албанското високо образование воопшто, како и за финансирањето на високото образование. Сега веќе се знае дека Законот за високо образование е изменет и е во парламентарна процедура на усвојувањето на законот за тетовскиот универзитет каде е предвидена и финансиската конструкција.

Буџетот кој денес треба да се усвои, се гледа дека на ставката 426541 има зголемување на трошоците, каде се работи за високото образование, од 119 милиони денари и треба да се има предвид дека овој буџет ќе биде само за трите идни месеци. Да не се прават дезинформации во оваа насока.

Нема простор за загриженост во однос на ова прашање, затоа што ние тоа ќе го решиме на најдобар можен начин.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Џевдет Насуфи.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Јас не мислам повторно дека има потреба да се полимизира околу ова прашање, затоа што за високото образование се издвојуваат околу 48 милиони евра, како што може да се види од ребалансот на буџетот направен од Владата. Реално гледано одвоените средства за тетовскиот универзитет од целата таа сума е околу 3%. Во оваа насока мислам дека тоа е малку и затоа се поставува потребата од зголемување на таа сума. Тука воопшто не се поставува прашање за оправданост, туку едноставно се работи за неопходност на таквите средства за да се реализира проектот таков каков што е предвиден.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници. За амандманот гласале 2 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 14, категорија 40 раздел 16001 програма 14 ставка 467 потставка 467115 и на раздел 09002 програма 12 ставка 443 потставка 443717 поднесен од пратениците Џевдет Насуфи и Замир Дика.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, дали некој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници. За амандманот гласале 2 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 17, ставка 442 потставка 442118 и на раздел 09002 програма 12 ставка 467 потставка 467121 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, кој бара збор?

Има збор г. Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Овоој амандман го поднесувам од прижина што се работи за Сојузот на здружението за техничка култура на Република Македонија или наречено Народна техника, дејност која е утврдена во 47 од Уставот на Република Македонија, дејност која што во наредните години, наназад, заклучно со 2002 година, секогаш за своите потреби добивала по 12 милиони денари годишно од Буџетот на Република Македонија, кои средства се минимални за опстојување на оваа дејност.

Да напоменам дека таму работат 57 вработени кои што повеќе од 5 месеци немаат земено плата, а последица на тоа е што со Буџетот за 2003 година нивната стапка е намалена за 50%, така што предвидени се 5 милиони и 144 илјади

денари, кое ни оддалеку не може да го исполни она што е основно потребно за нивна егзистенција.

Плус тоа, до овој период и од предвидените средства од Буџетот се префрлени само околу  2.582,000 денари. Со оглед дека претставниците на ова здружение во повеќе наврати имаат поднесувани разни барања, дури се обратиле и до министерот за финансии, разговарале и некакви ветувања добиле дека ќе им се излезе во пресрет, затоа што по 57 години постоење на една ваква дејност не е во интерес ниту на Владата, ниту на нас пратениците на овој начин да го згаснеме нивното постоење.

Од тие причини имајќи го во предвид проблемот со кој се занимава ова здружение, како и традицијата што 57 години опстојува сметам дека овој амандман треба да се прифати. Исто така сметам дека не се некои големи средства кои би го оптовариле буџетот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, кој бара збор?

Има збор г. Петар Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Министерството за образование има буџет од над 10 милијарди денари и ако е состојбата таква постои можност со Министерството за образование со внатрешни решенија оваа мала сума за такво прашање да биде разрешена. Ние ќе разговараме на таа линија со ресорниот министер.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Сакам да знам дали министерот има некои ветувања дека тоа ќе го решат внатрешно за да знам дали да го повлечам амандманот или не.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, кој бара збор? (Никој).

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника. За амандманот гласале 11 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 05001 програма 12, ставка 401, програма 401112 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427112 поднесен од пратеничката Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓата Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Со оглед на фактот дека во тек се реформите во Армијата на Република Македонија никако не смее да значи дека тие реформи треба да започнат со намалување на платите на лицата вработени во Армијата на Република Македонија, со оглед на функцијата што ја извршува Армијата, која и е доверена со Уставот, а тоа е одбраната на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија. Значи реформите во никој случај не треба да почнат со намалување на платите.

ПАТАР ГОШЕВ:

Намалување на плата нема.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се работи за намален број на вработени. Тие што остануваат исти плати имаат, но за тоа масата во целина опаѓа госпоѓо Којзеклиска.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници. За амандманот гласале 13 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 06001 програма 12, ставка 401 потставка 401112 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119 поднесен од пратеничката Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Само да го прашам министерот Гошев дали овде се работи за намалување на бројот на вработените, а не намалување на платите.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, бидејќи никој друг повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 67 пратеници. За амандманот гласале 11 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002, програма 12, ставка 427 потставка 427113 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119 поднесен од пратеничката Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Молам, кој бара збор?

Госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Само сакам да напоменам дека овој попис за кој толку долго се зборуваше, како мошне сложена операција, не заслужува, со оглед дека е појдовна основа за некои идни ситуаци што се случуваат во Република Македонија, ова навистина не заслужува таков третман во ребалансот на буџетот на Република Македонија.

Затоа ги повикувам пратениците да гласаат за амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, дали некој друг бара збор?

ПЕТАР ГОШЕВ:

Оваа ставка е усогласена со Државниот завод за статистика и нема никаква пречка да ги завршат работите од финансиски аспект, така што, грижата ни е потребна. Ние одобривме и поголем број вработувања да ја завршат работата во текот на годината по договор.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Крстевски:

ЗАРАН КРСТЕВСКИ:

Само да кажам дека државните пописни комисии се немаат консултирано за ставка од буџетот, така да, на некоја од наредните седници, Државната комисија ќе го даде својот став по ова прашање.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 70 пратеници. За амандманот гласале 13 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 10001, програма 12, ставка 443 потставка 443822 и на раздел 09002 програма 12 ставка 428 потставка 428112, поднесен од пратеничката Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Сметам дека се потребни поголеми средства. Би сакала само да објаснам за што се однесува амандманот. За туристичка пропаганда во пресрет на оваа и на сите идни туристички сезони кои кога би биле земени предвид, со што се зголемуваат шансите за квалитетна презентација на туристичките капацитети.

Имено, на некоја од претходните седници ние донесовме Закон за туристичка дејност, Закон за угостителска дејност со што на некој начин некако ја уредивме областа од туризмот, но резултатите и ефектите од конкретно спроведување на овие законски прописи не може да биде целосен, доколку од друга страна се намалуваат средствата од буџетот претвидени токму за оваа дејност. Тие средства треба да се однесуваат на квалитет на презентација на туристичките капацитети и услуги како кај нас во Република Македонија, посебно на меѓународната берза на туристички понуди.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Има збор г. Гошев.

Инаку, законите не се донесени,  да не направиме забуна во јавноста.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Почитуваната пратеничка не треба да се грижи затоа што пари за оваа потреба има. Министерството за економија има сопствени средства и во моментот на сметката има сопствени приходи повеќе од 120 милиони денари.

Имено со закон е предвидено прилив за оваа намена од царински увозни давачки, така што има средства за Програмата што ја има усвоено од Владата за оваа намена.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, бидејќи никој друг повеќе не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници. За амандманот гласале 12 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001, програма 16, ставка 441 потставка 441512 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427122 поднесен од пратеничката Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

По мое мислење студентскиот стандард неправилно и најдиректно е оштетен затоа што со последните поскапувања многу е влошена состојбата на студентите, па затоа издвојувањето на средства во нивна полза секако е од непроценливо значење.

Ние сите бараме да бидеме држава со висок интелектуален капацитет и се сметаме за држава сега за сега со високо интелектуален потенцијал, а од друга страна ништо не правиме токму со овие измени на ребалансот на буџетот во овој многу важен сегмент со оглед на тоа дека секоја нација која се грижи за себе ќе инвестира во своите идни потенцијали.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, бидејќи никој друг повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеници, а во салата се присутни 70 пратеници.

За гласале 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001, програма 16, ставка 441 потставка 441311 и на раздел 09002 ставка 427 потставка 427122, поднесен од пратеничката Марија Којзеклиска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор госпоѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА.

Посебно во населението, вклучително и младите се секојдневно изложени на опасности од болести. Дополнителните средства кои би биле предвидени со буџетот ќе овозможат поквалитетен преглед со што би се спречиле и ефикасно откривале болестите во нашата популација.

Колку што се сеќавам ние ги усвоивме измените и дополнувањата на Законот за основно образование во кој е предвидено дека дотогашниот задолжителен систематски преглед, кој беше на една година, сега е предвиден за три години. Со оглед на брзиот разст, брзите трансформации и мутации кои ги прават сите причинители на болести навистина не можам да разберам зошто е овој период три години, наместо една година. Сепак се работи за системски и превентивни прегледи кои се однесуваат за најмладите, а кои ги сметаме за наша иднина.

Затоа апелирам до пратениците да го прифатат амандманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам, бидејќи никој друг повеќе не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 14 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19101, програма 11, ставка 426 потставка 426712 и на раздел 09002 програма 12, ставка 427 потставка 427122, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Г-дин Мавровкси.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Гледајќи вака како г-динот министер амблок се одбива, мислам дека имам должност да го образложам амандманот. Се работи за локалната самоуправа и предстојните промени во областа на регулативата од локалната самоуправа. Искуството од експертите и на консултатите во адаптирањето на новите промени ќе биде од големо значење, а знаејќи и цело време чувствувајќи дека локалната самоуправа ќе преземе ингеренции моментално од многу подрачни министерства, мислам дека овие средства кои што се побарувани, а тоа е само 5 милиони се никакви средства, во однос на оние 1.300.000,00 кои беа предвидени во Програмата. Но, треба да се има слух за оваа работа, затоа што измените можат многу брзо да не изненадат, според она што значи моментално локалната самоуправа и луѓето кои работат во истата, мислам дека ќе биде неопходна оваа потребна помош од експертите и консултантите, кои можат да донесат за подобро познавање на истите проблеми.

Благодарам.

НИКЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој повеќе не бара број и го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 14.

Консттирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19 - 201 програма 12, ставка 443 потставка 443611 и раздел 09002 програма 12 ставка 427, потставка 427119, поднесенод пратеникот Киро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Се работи за средства од 2 милиони денари за Агенцијата за иселеништво, за нивната издавачка дејност односно се она што ќе биде мост за комуникација помеѓу татковината и иселениците. Гледајќи што се случи до 2 август на прославата 100 години од Илинден, мислам дека нивната прослава беше многу подостоинствена отколку нашата и заслужуваат барем со ова да помогнеме да се реализираат дел од нивнтие издавачки активности, а тоа се само 2 милиони денари. Мислам дека тие средства Владата на РМ може и треба да ги обезбеди.

НИКЛА ПОПОВСКИ:

Никој повеќе не бара збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 14 пратеници.

Констатирам дека  Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 17, ставка 442, потставка 442117 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 427, поставка 427119, поднесен од пратеникот Спиро мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Мислам дека и овде правиме грешка, затоа што се работи за трансфер и за технолошки развој. Трансферите за технолошки развој се категории, тука спаѓа и

технологијата, каде треба задолжително да се издвојуваат средства, заради обезбедување на напредок во сверата на производството. Пред некоја седница ние формиравме агенција за претприемништво, каде што кажувавме дека таа агенција ќе биде збир на многу други категории, кој што една од нив, дали тоа ќе биде формирана како категорија агенција или некоја подруга агенција која што ќе обезбеди применување на нова технологија и технолошки пронајдоци. И, сега, кога се обидуваме сето ова да го внесеме во Министерството за образование, каде што таа технологија треба да ја развиваме и да придонесе за индустрискиот развој, ние се наоѓаме во ситуација Владата сето ова да го одбива. Едното со другото мислам дека е во колизија и затоа мислам дека министерот треба да размисли во однос на овој амандман а ги замолувам и пратениците со малку поголемо внимание да ги слушаат овие амандмани.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 69 пратеници, за гласале 14 пратеници.

Констатирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001, Програма 17, ставка 442, поставка 442118 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 427, поставка 427119, поднесен од пратеникот Спиро Мавровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Па и јас му благодарам на г-динот министер што и ова не го прифати. Се работи, исто така, за извонредно мали средства, согласно како што е техничката култура, која води кон развој на полето на науката. Но, ожигледно некој сака само да манипулира со бројки и со букви, а ова што знажи, реалност не сакаме да го видиме, па затоа благодарам и јас го повлекувам амандманот.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 10 001 програма 16, ставка 443, поставка 443819 и на раздел 09002, Програма 12 ставка 428, поставка 428115, поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Сметам дека поддршката што ја дава државата на малите и средните претпријатија е од огромно значење и затоа е непотребно намалувањето на средствата, бидејќи со ребалансот практично се намалени и онака малите средства предвидени за оваа намена.

Посебно, апелирам до колегите да се прифати овој амандман, поготово и заради тоа што средствата кои што би го дополниле тој износ во износот 30 односно разликата во износ од 30 милиони денари, се влече од тековната резерва односно од разновидните расходи, кои што сигурно дека и во таа намалена сума од 155 милиони ќе бидат сосема доволни за да ги задоволат намените за кои што се предвидени.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Може јас да дадам една моја забелешка како дискутант. Само пред пет дена гласавте против законот за поттикнување на претприемништвото, сега ни доставивте амандман со кој барате да се развиваат претприемништвото и средните и малите претпријатија. Доследни сте  во недоследностса.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Гласале 60 пратеници, во салата се присутни 71 пратеник, за гласале 8 пратеници.

Консттирам дека амандманот не е прифатен.

Отворам претрес по амандманот на раздел 22001 Програма 12 ставка 427 поставка 427113 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 427 поставка 427119, поднесен од пратеникот Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Г-динот Илија Китановски.

ИЛИЈА КИТАНОВСКИ:

Амандманот е идентичен со амандманот на колешката Којзеклиска, па бидејќи нејзиниот не беше прифатен, се надевам дека овој ќе има повеќе среќа.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој не бара збор.

Го заклужувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам на гласање.

Глсале вкупно 64 пратеници, за гласале 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 15010 Програма 11, ставка 443 поставка 443411 и на раздел о9002 Програма 12 ставка 427 поставка 427119, поднесен од пратеникот Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амамдманот на раздел 16001 Програма 12, ставка 443 поставка 443514 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 427 поставка 427122, поднесен од пратеникот Илија Китановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, во саслата се присутни 67 пратеници, за гласале 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16 001 Програма 14 ставка 443 потставка 443714 и на раздел 09002 Програма 12 ставка 428 поставка 428112, поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор.

Г-дин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас ќе бев изненаден ако слушнев дека се прифаќа некој амандман од позицијата, меѓутоа, еве не сум изненаден од таква изјава на министерот. Сакам на краток начин во кратки црти да го образложам мојот амандман, со цел дека парламентарното мнозинство нема да биде толку доследно на директивите кои што ги имаат добиено за неприфаќање на овие амандмани од опозицијата.

Имено, фаќањето чекор со современите технолошки процеси и неопходноста од технолошкото унапредување припроизводството на стоки и давањето на услуги, претставува основен предуслов за конкурентност на домашните производи на странските пазари. За ова да се оствари неопходно е вложување во научно истражувачката дејност. Впрочем, техничките иновации се покажаа како многу позитивен пример при меѓународната афирмација и на прилепската фирма

“Микросон” која што не претстави во најубаво светло на меѓународни рамки. Од овие причини овие средства од 5 милиони денари, наместо сега предвидените средства од 0 денари, значи, оваа Влада не мисли воопшто да вложи во научно-истражувачката дејност, ќе се наменат за научно истражувачките институции и ќе претставуваат иницијална поддршка на овие институции. Се надевам дека ќе се појави едно чувство дека македонија треба да тргне во насока на технолошки прогреси и да работи на тој план. Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој друг не бара збор.

Го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, за гласале 14 пратеници,.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 18010 Програма 12 ставка 443 поставка 443612 и на ра здел 09002 Програма 12 ставка 428 поставка 428112, поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕФ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам. Амандманот не се прифаќа.

Г-дин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Му благодарам на министерот за времето, меѓутоа, сакам и овој амандман да го образложам исто така кратко, како што министерот кратко ми одговори. Се работи за библиотечниот фонд на Република Македонија, кој што претставува еден од основните предуслови за едуцирање на учениците, студентите, пост-дипломците како и за сите оние лица кои што се занимаваат со стручно усовршување. Проширувањето на библиотечниот фонд со нови содржини, ќе значи можност за едукација и за запознавање на наведените лица со нови сознанија и на тој начин ќе се оствари следење на сите нови искуства и стручни сознанија во разни области од науката. Ова е во тесна врска со претходниот амандман и се надевам дека, барем ќе се покаже една мала доблест да се даде придонес во однос на едукацијата на

младите, на студентите, на апост-дипломците и на сите оние лица кои се занимаваат со стручно усовршување.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Го заклучувам претресот по амандманот.

Ве повикувам на гласање.

Гласале 66 пратеници, за гласале 12 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19001 Програма 11 ставка 441 поставка 441312 и на ра здел 09002 Програма 12 ставка 427 поставка 427122, поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Се работи за крводарителството, за хуманоста која што се искажува со давањето на крв, за неопходноста од резерви на крвна плазма. Навистина, излишно е да се зборува на ова тема што тоа значи, каква дополнителна поддршка на оваа хуманитарна активност треб да се дава. Елаборацијата во оваа насока сметам дека воопшто не е потребна. Се надевам дека барем здравјето на луѓето пртставува вредност, која што ќе се почитува од сите нас и ќе ја поддржиме финансиски со прифаќање на овој амандман.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Г-дин Мавровски.

СПИРО МАВРВОСКИ:

Како активен крводарител, би повикал до господата пратеници сите да земат активно учество и да го усвоиме овој амандман, затоа што навистина се работи за една хуманитарна дејност и знаејќи дека дарувањата крв значи спасен живот, овие 4

милиони денари се ништо во однос на она што можеме како пратеници да помогнеме токму во оваа дејност, каде што луѓето се среќаваат со сериозни и големи проблеми. Затоа, би ве замолил барем овој пат да најдеме сите заеднички сили и да го изгласаме овој амандман.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?

Јас би сакал само да потсетам од дискусиите може да се стекне впечаток дека нема средства и сега се предлагаат средства. Средства се издвоени во износ од 6 милиони. Амандманот е да се  издвојат дополнителни 4 милиони за да станат 10 милиони. Па, јас би го прашал министерот за финансии дали издвоените 6 милиони што се проектирани во Буџетот се доволни за сите крводарители до крајот на годината?

ПЕТАР ГОШЕВ:

Сигурно е дека се доволни.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам,

Дали некој друг бара збор?

Господин Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Јас мислам дека и овие 10 милиони се малку, затоа што крводарителите се во огромен број во Републиката и моментално како функционираат тоа е само од некои претпријатија, кои што сакаат да преземат дел од обврските кон крводарителите од нивна страна. А, сето друго, овие 6 милиони се многу малку за да функционира како што треба оваа хуманитарна дејност.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Видете, јас како предлагач на овој амандман, сметам дека пратениците во Парламентот ќе имаат доблест да ги разберат проблемите со кои што се соочуваат и крводарителите и оние на кои им е потребна крв и сметам дека ќе има слух да се издвојат дополнителни 4 милиони денари за оваа намена, затоа што апсолутно со ништо тие не предизвикуваат проблеми во останатите позиции на буџетот.

Благодарам.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Стојановски, дозволете во мое име да упатам еден протест на начинот на кој го браните амандманот, мислам дека е навистина, таканаречен низок удар во одбрана на амандман кога повикувате пратениците да бидат хумани и да најдат доблест, демек, имајќи предвид дека нема да бидат хумани и немаат доблест за крводарителите.

Јас потенцирам дека се проектирани во Буџетот средства за кои Министерството, кое што е надлежно за финансиски проценки, соопшти официјално дека се доволно за крводарителите до крајот на годината да ги примаат сите законски бенефиции што им следуваат. Со вашето повикување дека треба да бидеме хумани, да го прифатиме, се стекнува впечаток дека евентуално, ако не се прифати, пратениците се нехумани. Мислам дека тоа е нехуман начин на бранење на својот амандман.

Има збор господин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас не сакам да полемизирам со вас, меѓутоа во ниту еден момент не кажав дека пратениците не се хумани, туку побарав да имаат доблест да разберат дека се потребни дополнителни 4 милиони денари са крводарителите и за оние на кои им е потребна крвта. Од тие причини сметам дека не се работи за хуманост или нехуманост, туку се работи за дополнителни средства што ќе бидат одвоени за оваа намена. Апсолутно немам намера да дискутирам за хуманоста на пратениците.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој друг не бара збор.

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 14.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 19001 програма 11, ставка 441 и потставка 441318 и на раздел 09002 програма 12, ставка 427,потставка 427122 поднесен од пратеникот Блаже Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Добро, јас немам намера да апелирам, само сакам да кажам пред јавноста дека се работи за здравствена заштита на мајките и децата и барам да се обезбеди дополнителна финансиска поддршка за зачувување и грижа на здравјето на мајките и децата кои претставуваат специфична категорија на лица за кои е неопходно државата да води исклучителна грижа.

Благодарам.

НИКЛОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој друг не бара збор?

Збор побара министерот за финансии, господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Многу грижа се покажува, сакав генерално нешто да кажам за амандманиве со кои што некои пратеници се грижат многу и она што го рековте господине претседателе произлегува, навистина, другите не се грижат, а некои од пратениците кои се грижат на пример, оствиле долгови на едно претпријатие само од 1 милијарда и 400 милиони долари што треба да бара начин како државата да ги санира, јавно претпријатие.

Според тоа, јас пак ги замолувам тие кои многу се грижат да се погрижиле навреме, кога се создавале финансиските проблеми и тоа со личен придонес. А, парите за здравството, знаете во најголем дел одат преку Фондот за здравство, а кај Фондот за здравство видовте дека му рефундираме од Буџетот. Меѓутоа, за прв пат минатата година е направен преседан заради покачување на плати во предизборната година кое рефундирање продолжи оваа година, а треба да престане затоа што во иднина нема да си ги обезбедуваат средствата на начин на кој што треба да си ги обезбедуваат со постојните прописи. Така што да не ја шириме дискусијата на хуманоста, бидејќи ќе ја вратиме на нехуманото однесување на поединци кога се создаваат вакви ситуации во државата.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Има збор господин Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас се надевам дека министерот ќе каже што имаат сработенпо оваа година и тоа, како што најави премиерот, на 1 ноември го очекуваме.Меѓутоа, тоа што се сака да се каже со вадењето на некои стари долгови, стари околности и од тие причини дека неможело да се направи ништо во оваа насока и кога зборуваме за средства од 4 милиони денари, кога се работи за буџет што има многукратно поголеми износи и дека тоа ќе претставува товар кој неможе да се издржи заради некои стари долгови, навистина сметам дека не држи место и дека претставува само еден начин за барање алиби за неприфаќање на ниту еден амандман од страна на опозицијата.

Јас се надевав дека барем еден од овие амандмани ќе биде прифатен и на тој начин ќе се покаже една конструктивност, еден начин на прифаќање на аргументите што го има и другата страна. Сметам дека овој начин на соработка или почитување на опозицијата како институција, воопшто не е пример за почитување на ниво на демократски дефинирани општества.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амаднманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 64 пратеници, за гласале 11, со тоа констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 13 ставка 443 потставка 443614 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427112 поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Кој друг бара збор?

Има збор господин Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, се надевам дека нема да ме корегирате, станува збор за ставка чиј што износ предвиден со Буџетот е нула, а станува збор за трансфери за ученички стандард и во наредните амандмани што ќе ги читате станува збор или за студентски стандард или за ученички стандард каде што ставката е нула. Значи, нема што да се корегхира. Очигледно Владата не предвидела ништо.

Е сега, во Буџетот баравме едни вакви слични амандмани, не поминаа, дури имаше пратеник и од позицијата кој поднесе еден ваков амандман и неговиот не беше поддржан. Јас лично не гајам илузии дека министерот ќе го прифати, не гајам илузии и дека пратениците ќе го прифатат, само сакам да потенцирам една работа, дека очигледно денеска министерот е доста добро дисциплиниран и нема да му се повтори онаа грешка кога се носеше Буџетот да има смелост и храброст да прифати дури еден амандман од опозицијата. Од тие причини го повлекувам амаднманот.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Само овој амандман ли го повлекувате?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Да.

НИКОЛА ПОПОВСКИ;

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 13 ставка 443 потставка 443512 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 потставка 427119, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам

Има збор господинот Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи, со овој амаднман станува збор за студентскиот стандард каде што предвидените средства се нула, каде што ние предлагаме односно јас предлагам тој износ да се замени со 30 милиони денари. Не треба да зборувам каков ни е студентскиот стандард. И сега, да не испадне дека само ние се грижиме, јас верувам дека и министерот, а и Владата се грижи, можеби тоа ќе го решат на друг начин. Јас

би апелирал до пратениците да имаат предвид дека се работи за студентски стандард и со својот глас го прифатат овој амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Никој друг не бара збор?

Има збор господинот Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

На овој начин се дезинформира јавноста. Во врска со првото прашање кај ученичкиот стандард има посебна програма, има ставка 200 милиони, скоро 200 милиони, а за ова прашање има 536 милиони за студентски стандард. Според тоа, работите не стојат така како што се образложува.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклчувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, за гласале 13.

Констатирам дека Собранието не го усвои амаднманот.

Отворам претрес по амандманот на раздел 16001 програма 14 ставка 427 поставка 427116 и на раздел 09002 програма 12 ставка 427 поставка 427119, поднесен од пратеникот Жарко Караџоски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Не се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Караџоски бара збор.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, го повлекувам и овој и наредниот амандман.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Благодарам.

Амандманите се повлечени.

Воедно тоа беа двата последни амандмани.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување на Буџетот за 2003 година.

Дали некој бара збор по текстот? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот на Буџетот.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година...

Се извинувам, има сугестија од министерот, со оглед дека амандманите што се поднесени се прифатени, нема дебата по нив, да продолжиме и по тие два, брзо ќе завршиме.

Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 65 пратеници, 53 гласале за, 2 се воздржале и 10 гласале против.

Констатирам дека Собранието го донесе изменувањето и дополнувањето на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Предлагам уште малку да поработиме да го завршиме пакетот на закони што се врзани со Буџетот.

Минуваме на точката 3 - Предлог на закон за дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2003 година.

Предлогот на законот и извештаите на работините тела на Собранито Ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 1 во воведната реченица и на новиот став 5 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 во воведната реченица и на новиот став 5 поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам господинот Гошев во име на Владата да се произнесе.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Се прифаќа и станува составен дел.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор по текстот на Предлогот на законот? (Никој)

Го заклучувам претресот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пртеници, за гласале 56 пратеници, 3 воздржани и 9 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за дополнување на Законот за иврршување на Буџетот на Република Македонија ѕа 2003 година.

Минуваме на точката 4, последна точка за денес - Предлог на закон за изменување на Законот за ограничување на изворните приходи на јавните потреби за 2003 година.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно-правната комисијад поднесе амаднман на насловот на Предлогот на законот по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот на Предлогот на законот поднесен од Законодавно-правната комисија.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господин Гошев.

ПЕТАР ГОШЕВ:

Амандманот се прифаќа.

НИКОЛА ПОПОВСКИ:

Амандманот е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор по текстот? (Никој)

Го заклучувам претресот по текстот на Законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 68 пратеници, за гласале 55, против 10 и 3 воздржани.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување на Законот за ограничување на изворните приходи за финансирање на јавните потреби за 2003 година.

По последната точка ќе продолжиме утре во 10,00 часот.

Ги молам предлагачите на точката пред седницата да ме известат за еден кој ќе биде претставник во име на предлагачите во текот на работата по таа точка.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 17,05 часот).